**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# *Извештај за банкарската супервизија и банкарскиот систем на Република Македонија во првото полугодие на 2005 година*

## *С О Д Р Ж И Н А*


I. ***БАНКАРСКАТА СУПЕРВИЗИЈА ВО ТЕКОТ НА ПРВОТО ПОЛУГОДИЕ НА 2005 ГОДИНА***

***1.Унапредување на регулативната рамка и капацитетот на банкарската супервизија 4***

*1.1. Продлабочување на кредитните анализи што ги вршат банките. 4*

*1.2. Унапредување на системите на внатрешна контрола на банките 5*

*1.3. Унапредување на системите на банките за спречување на перење пари 5*

*1.4. Регулирање на начинот на евидентирање на лизингот 6*

*1.5. Унапредување на сигурноста на информативните системи на банките 7*

***2. Активности на банкарската супервизија 7***

*2.1 Функција на лиценцирање 7*

*2.2. Супервизија на работењето на банките и штедилниците 9*

*2.2.1 Теренска супервизија на работењето на банките и штедилниците 9*

*2.2.2 Супервизија на сигурноста на информативните системи на банките (ИТ супервизија) 11*

*2.2.3. Преземени корективни активности спрема банките и штедилниците 12*

II. ***БАНКАРСКИОТ СИСТЕМ ВО 2004 ГОДИНА***

***1***

***1. Структура на банкарскиот систем 4***

*1.1. Број на банки и штедилници 14*

*1.2. Концентрација и пазарно учество 15*

*1.2.1. Концентрација на банкарскиот систем 15*

*1.2.2. Дистрибуција на активата и капиталот по банки 16*

*1.2.3. Пазарно учество на банките 17*

*1.3 Сопственичка структура 17*

*1.4. Банкарска мрежа и број на вработени 19*

*1.5. Структура на понудата на банкарски услуги 20*

***2***

***2. Активност на банките 1***

*2.1. Актива на банките 21*

*2.1.1. Кредитна активност на банките (кредити на нефинансиски субјекти) 22*

*2.1.2. Пласмани кај банки 24*

*2.1.3. Пласмани во хартии од вредност 25*

*2.2. Обврски и сопствени средства 25*

*2.2.1. Депозити на нефинансиски правни лица и население 26*

*2.2.2. Сопствени средства 27*

*2.3. Вонбилансни активности на банките во Република Македонија 27*

***2***

***3 Ризици во банкарското работење 8***

*3.1 Кредитен ризик 28*

*3.1.1. Квалитет на кредитното портфолио 28*

*3.1.2. Кредитна изложеност по одделни сектори 30*

*3.1.3. Анализа на кредитната активност на банките во девизи со резиденти 32*

*3.2 Ризик на земјата 33*

*3.3. Ликвидносен ризик 34*

*3.3.1. Примарни извори на средства (депозити на нефинансиски субјекти) 35*

*3.3.2. Секундарни извори на средства 36*

*3.3.3. Ликвидна актива и високоликвидна актива 37*

*3.3.4.Рочна структура на активата и пасивата 38*

*3.3.5. Рочна структура на денарски и девизно номиниранатa актива и пасива 38*

*3.4.Ризик на девизниот курс 39*

*3.4.1. Анализа на отворената девизна позиција на банките 39*

*3.5 Адекватност на капиталот / ризик од несолвентност 41*

*3.5.1 Капитал 41*

*3.5.2 Коефициент на адекватност на капиталот на банките во Република Македонија 42*

*3.6. Профитабилност 44*

*3.6.1 Структура на билансот на успех 45*

*3.6.2 Показатели за профитабилноста и ефикасноста на банките 47*

## *А Н Е К С*


| | |
|---|---|
| *Биланс на состојба* | *Анекс бр.1* |
| *Биланс на успех* | *Анекс бр.2* |
| *Показатели за квалитетот на кредитното портфолио* | *Анекс бр.3* |
| *Договорна рочна структура на активата и пасивата* | *Анекс бр.4* |
| *Очекувана рочна структура на активата и пасивата* | *Анекс бр.5* |
| *Гарантен капитал* | *Анекс бр.6* |
| *Ззаконска регулатива од областа на супервизијата* | *Анекс бр.7* |
| *Преглед на банки по групи банки* | *Анекс бр.8* |
| *Преглед на банки и штедилници* | *Анекс бр.9* |

# I. БАНКАРСКАТА СУПЕРВИЗИЈА ВО ПРВОТО ПОЛУГОДИЕ НА 2005 ГОДИНА

## 1. Унапредување на регулативната рамка и капацитетот на банкарската супервизија

Во текот на првите шест месеци од 2005 година, активностите на Народна банка на Република Македонија (во натамошниот текст: НБРМ) беа насочени кон натамошно унапредување на банкарската супервизија и кон унапредување на политиките, процедурите и системите на банките за управување и контрола на ризиците на кои се изложени во своето работење. Во овој домен, позначајните измени и дополнувања на регулативната рамка на банкарската супервизија се однесуваа на:

- Зајакнување на критериумите за следење на кредитниот ризик;
- Унапредување на системот на внатрешна контрола и функцијата и улогата на внатрешната и надворешната ревизија на банките;
- Унапредување на системите за спречување на перење пари и зајакнување на процедурите за нивна контрола;
- Дефинирање на сметководствените и регулаторните аспекти на средствата дадени и земени под лизинг;
- Прецизно дефинирање на елементите на сигурноста на информативните системи на банките.

### 1.1. Продлабочување на кредитните анализи што ги вршат банките

Сѐ поинтензивната кредитна активност на банките, а пред сѐ, на кредитното работење во девизи, наложи потреба од проширување на кредитните анализи на банките за секој одделен комитент, преку вклучување на уште еден аспект на кредитниот ризик кој произлегува од влијанието кое евентуалните флуктуации на девизниот курс може да го имаат врз кредитната способност на комитентот.

За таа цел, во мај 2005 година НБРМ изврши дополнување на Упатството за кредитни досиеја со кое се регулира опфатот на информации и документација со кои банките треба да располагаат за секој свој комитент. Со дополнувањата на Упатството банките се обврзуваат при склучувањето на кредитни работи да обезбедат и анализа на валутната структура на финансиските извештаи на комитентот, оценка на неговата можност за генерирање девизни приливи, анализа на нивото на вкупните девизни обврски на комитентот, оценка на големината и структурата на девизните приливи според валута и рочност, како и да ги обезбедат сите останати елементи од кои ќе може да се согледа нивото на курсен ризик на кое е изложен комитентот во своето работење. На овој начин се овозможува интегрирано идентификување, мерење и контрола на кредитниот ризик, како доминантен ризик со кој се соочуваат банките во Република Македонија. Во услови на примена на стратегија за таргетирање на девизниот курс на денарот во однос на еврото и релативно висок степен на евроизација на македонската економија, оваа регулативна мерка има за цел намалување на индиректниот кредитен ризик кој произлегува од валутниот ризик на кој се изложени должниците на банките. Ваквата мерка е во прилог на јакнење на

кредитните практики на банките што треба да овозможи натамошно подобрување на нивната интерна ефикасност во алокацијата на финансиските ресурси.

**1.2. Унапредување на системите на внатрешна контрола на банките**

Развојот на банкарското работење и изложеноста на различните видови ризици, како и измените на регулативата за банките, наметнаа потреба од измени и дополнувања на постојниот Супервизорски циркулар бр.1[1] кој ја третира проблематиката на внатрешната контрола и ревизија. Така, во почетокот на 2005 година НБРМ донесе нов Супервизорски циркулар бр.1 (ревидирана верзија) со кој подетално се разработуваат системите на внатрешната контрола во банките, поставеноста на внатрешната ревизија, улогата на надворешната ревизија и релацијата помеѓу внатрешната ревизија на банките, надворешната ревизија и банкарската супервизија. Притоа, се тргнува од препораките на FSAP[2] мисијата и соодветните Базелски принципи. Овој циркулар дава насоки за воспоставување ефикасен систем на внатрешна контрола на секоја поединечна банка, конзистентен со нејзината природа, комплексност и ризичен профил. Во основата на стабилноста и ефикасноста на секоја банка, лежат ефикасни системи на внатрешна контрола, кои се значаен сегмент на системот на корпоративно управување. Покрај тоа, циркуларот ја разработува и улогата на службата за внатрешна ревизија и одборот за ревизија кај банките, улогата на надворешните ревизори, како и разликите меѓу внатрешната и надворешната ревизија и важноста на соработката меѓу банкарската супервизија, внатрешната ревизија и надворешните ревизори. Сите овие субјекти со својата функција придонесуваат за воспоставување ефикасен систем на внатрешна контрола како основа за адекватно финансиско известување и намалување на ризиците со кои се соочуваат банките.

**1.3. Унапредување на системите на банките за спречување на перење пари**

Во првата половина од 2005 година големо внимание беше посветено на унапредувањето на интерните системи на банките за спречување на перење пари. Првата активност во овој домен беше донесувањето на Супервизорскиот циркулар бр.7, кој дефинира минимум стандарди кои на банките ќе им обезбедат воспоставување адекватни системи за спречување на перење пари. Притоа, во овој циркулар посебен акцент е ставен на основните елементи кои треба да ги содржат политиките на банките за да да им овозможат подобро запознавање на комитентите и ефикасна имплементација на нивните политики во оваа област. Со зајакнувањето на интерните системи и практики на банките за спречување на перење пари се влијае врз подобрување на нивниот вкупен ризичен профил преку намалување на можностите за појава и материјализација на репутацискиот ризик, и тоа како на ниво на поединечни банки, така и на системот во целина. При изработката на овој циркулар, НБРМ тргна од постојната законска регулатива со која се регулира спречувањето на перење пари во Македонија, препораките на

[1] Како дел од активностите за унапредување на политиките, процедурите и системите на банките за управување со ризиците, НБРМ продолжи со воспоставената практика за изработка на супервизорски циркулари. Овие циркулари имаат за цел толкување на одредени новини и прашања од доменот на прудентните банкарски практики и стандарди, како и давање насоки и препораки за унапредување на работењето и примената на меѓународните супервизорски стандарди и практики.

[2] Financial Sector Assessment Program-мисија на ММФ и Светска банка (мај-јуни 2003 година), која имаше за цел да изврши оценка на стабилноста, ефикасноста и степенот на развиеност на финансискиот систем.

FATF[3], оценката на FSAP за системот за спречување на перење пари и борба против финансирањето на тероризмот во Македонија , искуствата на другите земји и нивните супервизорски органи, како и од одговорите на банките на прашалникот на НБРМ за содржината и опфатот на интерните политики и процедури на банките за нивните системи за спречување на перење пари.

Покрај изработката на Супервизорскиот циркулар бр.7, во текот на првите шест месеци на 2005 година беа спроведени и следните активности поврзани со спречувањето на перење пари:

- НБРМ и Дирекцијата за спречување на перење пари изработија листа на индикатори за препознавање на сомнителни трансакции во банките, штедилниците, менувачниците и давателите на услуги брз трансфер на пари. Покрај законските одредби[4], основа за изработка на овие индикатори беа меѓународните стандарди од оваа област, препораките и насоките дадени на FATF, како и праксата и проблемите со кои се соочуваат банките, штедилниците, менувачниците и давателите на услуги брз трансфер на пари при исполнувањето на својата обврска за пријавување на сомнителни трансакции. Овие индикатори, заедно со воспоставените системи на банките, штедилниците, менувачниците и давателите на услуги брз трансфер на пари за познавање на своите комитенти, ќе овозможат следење и идентификување на оние трансакции кои не одговараат на природата и карактеристиките на комитентот и на воспоставениот деловен однос, односно идентификување на трансакции со сомнителен карактер и нивно навремено пријавување до соодветните надлежни органи. На тој начин, со оглед на недоволното практично искуство на банките, штедилниците, менувачниците и давателите на услуги брз трансфер на пари во овој домен, овие индикатори треба да им овозможат квалитетно подобрување на нивните системи за идентификување на сомнителните трансакции и на т.н. високо ризични комитенти и активности.

- НБРМ активно се вклучи во работата на националниот Совет за борба против перење пари и финансирање на тероризам[5], чија основна цел е координација на активностите на различните државни институции кои имаат законски надлежности во спречувањето на перење пари.

- Во координација со Централната банка на Холандија и Financial Sector Voluntaries Corps (FSVC), НБРМ континуирано стекнуваше практични искуства и го унапредуваше и зајакнуваше начинот и квалитетот на контролата на системите за спречување на перење пари на банките, штедилниците, менувачниците и давателите на услуги брз трансфер на пари.

Горенаведените активности се во насока на спречување на злоупотреба на банкарскиот систем за перење на пари и финансирање на тероризам, со што НБРМ активно се вклучи во севкупните напори на Република Македонија и меѓународната заедница во овој домен.

---

[3] Financial Action Task Force

[4] Член 45 од Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело ("Службен весник на РМ" бр.46/04).

[5] Советот е формиран со Одлука на Владата на Република Македонија.

**1.4. Регулирање на начинот на евидентирање на лизингот**

Со цел појаснување и унифицирање на сметководствениот и регулаторниот третман на лизинг активностите на банките, НБРМ на почетокот на 2005 година изработи Супервизорскиот циркулар бр.8. Овој супервизорски циркулар содржи детални инструкции и објаснувања за начинот на евидентирање на средствата дадени и земени под лизинг согласно Меѓународниот сметководствен стандард 17 и го дефинира нивниот третман од аспект на законските лимити[6] на овој вид вложувања. Дадените појаснувања во однос на третманот на побарувањата по основ на лизинг имаат за цел отстранување на нејаснотиите со кои се соочуваа банките при вршењето на овие активности, што придонесе за проширување на листата на финансиски производи кои ги нудат банките во своето работење и, на тој начин, адекватно користење и пласирање на финансиските ресурси со кои тие располагаат.

**1.5. Унапредување на сигурноста на информативните системи на банките**

Адекватната контрола на сигурноста на се пософистицираните информативни системи на банките е неопходна за лимитирање на  оперативниот ризик, кој добива се позначајна улога во спектарот на ризици  со кои се соочуваат банките. Оттука, во првото полугодие на 2005 година НБРМ изработи Супервизорски циркулар за сигурноста на информативните системи на банките. Со овој цуркулар се дефинираат стандарди за унапредување на сигурноста на информативните системи на банките, методологии за проценка и мерење на ризиците кои произлегуваат од информативната технологија, информации за најчестите типови на контроли (административни, физички и технички) кои обезбедуваат намалување на нивото на ризици, начини за воспоставување на адекватен план за континуитет во работењето, како и насоки за дефинирање на надлежностите на органите на управување, одговорните лица и вработените во банките од аспект на управувањето и контролата на овие ризици. Примената на овие стандарди и методологии треба да придонесе за зголемена безбедност на информациите со кои располагаат банките и повисок степен на интегритет на податоците при различни видови обработки. При изработката на циркуларот беа користени препораките и насоките содржани во Меѓународниот стандард за управување со сигурноста на информативниот систем (BS7799-2:2002, односно ISO/IEC17799:2000E) и Базелскиот документ за управување со оперативниот ризик[7].

**2. Активности на банкарската супервизија**

Супервизорската функција на НБРМ се остварува преку следните компоненти:

- Лиценцирање, односно издавање дозволи и согласности на банките и штедилниците;
- Супервизија на работењето на банките и штедилниците; и
- Преземање корективни мерки.

**2.1. Функција на лиценцирање**

---

[6] лимитите пропишани во член 39 од Законот за банките.

[7] Sound Practices for the Management and Supervision of Operational Risk (Basel Committee Publications No.96 – February 2003)

Во рамките на остварувањето на функцијата на лиценцирање, НБРМ ги издава следните видови дозволи и согласности:

1. Дозвола за основање и работење на банка и подружница на странска банка;
2. Дозвола за вршење статусни измени (спојување на банки, поделба на банка, трансформација на штедилница во банка и припојување на штедилница кон банка);
3. Дозвола за основање на Пазарот за пари и краткорочни хартии од вредност;
4. Согласност за стекнување акции, постепено или одеднаш, чиј вкупен кумулативен номинален износ изнесува 5%, 10%, 20%, 33%, 50% и 75% од акциите со право на глас во банка или штедилница, без оглед на тоа дали акциите ги стекнува едно или повеќе поврзани лица, директно или индиректно;
5. Согласност за измена на Статут на банка или штедилница;
6. Согласност за именување работоводен орган на банка или штедилница;
7. Согласност за основање банка и отворање филијала, подружница или претставништво во странство;
8. Согласност за измена на назив, седиште и адреса на банка или штедилница;
9. Согласност за основање брокерска куќа овластена за работа во свое име и за своја сметка од страна на банка или штедилница;
10. Согласност за капитално вложување на банка или штедилница во финансиска или нефинансиска институција во земјата или во странство, кое изнесува повеќе од 10% од гарантниот капитал на банката, освен за капитални вложувања на банка во друга банка и за основање брокерска куќа овластена за работа во свое име и за своја сметка за кои е потребна претходна согласност од Народната банка без оглед на износот на вложувањето во однос на гарантниот капитал;
11. Согласност за увид на трето лице во записник од извршена контрола на работењето на банка или штедилница;
12. Согласност за измена на Одлуката за издавање дозвола за основање и работење на банка или штедилница;
13. Согласност за Политика за сигурноста на информативниот систем на банка; и
14. Согласност за отворање претставништво на странска банка или друга странска финансиска институција во Република Македонија.

Во рамките на процесот на лиценцирање, НБРМ го испитува и изворот на средства со кои се купуваат акциите и уделите во банките и штедилниците. Притоа, за секое стекнување акции, односно удели кои претставуваат промени од 1% до 5% од вкупниот број акции, односно од уделите со право на глас, банките и штедилниците се должни да достават известување за изворот на средства со кои се купуваат акциите или уделите во банките, односно штедилниците (член 26 од Законот за банките). Основната цел на овој сегмент од лиценцирањето е заштита на интегритетот на банкарскиот систем преку спречување на влез на капитал од сомнителни извори и обезбедување транспарентни акционерски структури како основа за сигурен, стабилен и ефикасен банкарски систем.

Во продолжение се дадени табеларни прикази на бројот на издадени, односно неиздадени дозволи и согласности, како и на повлечени барања за издавање

дозволи и согласности, по банки и штедилници, во првите шест месеци од 2004 и првите шест месеци од 2005 година.

***Преглед бр. 1***
***Видови и број на издадени, односно неиздадени дозволи и согласности***

| Вид на лиценца (банки) | Јануари-јуни 2004 | | | Јануари-јуни 2005 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Изда дени | Одби ени | Повле чени | Изда дени | Одби ени | Повле чени |
| Стекнување 5%, 10%, 20%, 33%, 50% и 75% од акции со право на глас | 3 | | | 1 | 1 | |
| Статут | 6 | | | 20 | | |
| Работоводен орган | 9 | | 1 | 13 | | 3 |
| Измена на назив, седиште и адреса | 1 | | | 1 | 1 | |
| Капитално вложување | | | | 2 | | |
| Увид во записник | 1 | | 2 | 4 | | |
| Измена на Одлука за издавање дозвола за банка | 3 | | | | | |
| **Вкупно** | **23** | | **3** | **41** | **2** | **3** |

| Вид на лиценца (штедилници) | Јануари-јуни 2004 | | | Јануари-јуни 2005 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Изда дени | Одби ени | Повле чени | Изда дени | Одби ени | Повле чени |
| Стекнување 5%, 10%, 20%, 33%, 50% и 75% од акции, односно удели со право на глас | 1 | | | 1 | | |
| Статут | 2 | | | 2 | | |
| Работоводен орган | 1 | 2 | | 2 | 1 | |
| Измена на назив, седиште и адреса | | | | | | |
| Трансформација на штедилница во банка | | 2 | | | | |
| Статусна измена | | | | | | |
| **Вкупно** | **4** | **4** | | **5** | **1** | |

Најголем дел од активностите во доменот на лиценцирањето во првите шест месеци на 2005 година се однесуваат на издадени согласности за статут и за работоводен орган на банките. Измените на статутите на банките, во најголем дел се резултат на усогласување со новиот Закон за трговските друштва, кој беше објавен во "Службен весник на РМ" бр.28/2004.

Во рамки на активностите на НБРМ за испитување на изворот на средствата со кои се купуваат акции и удели во банките и штедилниците, во текот на првите шест месеци на 2005 година е дадено позитивно мислење за доказот за изворот на средства за десетте доставени известувања (5 од банки и 5 од штедилници).

## 2.2. Супервизија на работењето на банките и штедилниците

### 2.2.1. Теренска супервизија на работењето на банките и штедилниците

Во првите шест месеци од 2005 година НБРМ изврши вкупно 19 непосредни супервизорски контроли на работењето на банките и штедилници. Од нив, 14 контроли го опфатија целокупното работење на 8 банки и 6 штедилници, додека 5 контроли имаа делумен карактер. Во текот на првите шест месеци од 2005

година, еднаш месечно се вршеа делумни контроли на сите штедилници од аспект на истакнувањето на ажурирани списоци на штедни влогови[8].

Доминантна компонента на теренските супервизорски контроли и понатаму останува анализата на квалитетот на активата, односно оценката и квантификацијата на кредитниот ризик, како основен ризик на кој се изложени банките и штедилниците во Македонија. При вршењето на теренските контроли посебно внимание беше посветено и на следните аспекти во работењето на банките и штедилниците:

- поставеноста и функционирањето на интерните системи на контрола и внатрешната ревизија, како и системите за спречување на перење пари;

- поставеноста и функционирањето на корпоративното управување;

- управувањето со ризиците, посебно управувањето со ликвидносниот ризик и ризикот од промената на девизните курсеви;

- капитализираноста на банките и штедилниците и адекватноста на капиталот за покривање на ризиците на кои се изложени тие, како и
- сигурноста на информативните системи.

Врз основа на теренските контроли извршени во текот на првите шест месеци од 2005 година, идентификувани се следните слабости:

- Кредитниот ризик со кој се соочуваат банките е сеуште на релативно високо ниво. Овој вид на ризик главно се манифестира преку пречекорувања на прудентините лимити за кредитна изложеност, како и слабости во идентификувањето на поврзаните субјекти. Од друга страна, износот на дополнителна резерва за потенцијални загуби утврдени со контролите е на значително пониско ниво во однос на претходните периоди што упатува на подобрување на системите за следење и управување со кредитниот ризик;

- Кај одредени помали банки сеуште е присутен проблемот со високото учество на преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања, односно високо учество на некаматоносната актива во вкупната актива на овие банки што значително влијае врз нивниот профитабилен потенцијал;

- Одредени помали банки сеуште се соочуваат со неадекватно воспоставени системи на корпоративно управување, што се рефлектира преку слабости во извршувањето на функциите на управниот одбор, одборот за ревизија и одборот за раководење со ризик, како и слабости во поставеноста и функционирањето на внатрешната ревизија;

- Кај дел од контролираните банки утврдени се слабости во интерните системи за спречување на перење пари, особено при идентификувањето на сомнителните и поврзаните трансакции;

- Кај дел од контролираните банки утврдени се слабости во сметководствените системи и финансиското известување.

[8] Одлука за утврдување на обемот и начинот на работење на штедилниците

Врз основа на наодите од извршените целосни непосредни контроли на работењето на банките и штедилниците, се утврдува сумарна оценка која се базира врз т.н. CAMELs рејтинг системот[9]. Сумарната оценка го покажува нивото на супервизорски интерес за секоја банка и штедилница и нејзината намена е исклучиво за вршење на супервизорската функција на НБРМ.

*Преглед бр. 2*
***Структура на банки и штедилници според нивната сумарна оценка***

| Сумарна оценка | 31.12.2004 | | 30.06.2005 | | Споредба 30.06.2005/31.12.2004 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Банки | Штедилници | Банки | Штедилници | Банки | Штедилници |
| 1 | 2 | 0 | 3 | 1 | 1 | 1 |
| 2 | 5 | 9 | 6 | 8 | 1 | -1 |
| 3 | 7 | 5 | 2 | 5 | -5 | 0 |
| 4 | 3 | 1 | 5 | 1 | 2 | 0 |
| 5 | 2 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| неоценети* | 2 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **21** | **15** | **20** | **15** | **-1** | **0** |

*сумарна оценка не се одредува при прва непосредна контрола на новоснована банка или штедилница, како и за Македонската банка за поддршка на развојот АД Скопје, која не е депозитна институција

Во текот на првите шест месеци од 2005 година констатирани се значителни структурни поместувања на банките според нивната сумарна оценка. Ова е резултат на подобрување на сумарната оценка на три банки, и влошување кај, исто така, три банки. Притоа, сумарната оценка на една банка е подобрена од 2 на 1, а кај две банки од 3 на 2. Влошување на сумарната оценка е настанато кај 3 банки и тоа кај две банки од 3 на 4, а кај една банка од 3 на 5. Со одземањето на дозволата за основање и работење на Радобанк АД Скопје, бројот на банките со најслаба сумарна оценка останува непроменет. Кај штедилниците не се настанати позначителни промени, освен подобрувањето на оценката на една штедилница од 2 на 1.

Врз основа на членовите 24 и 32 од Законот за Народна банка на Република Македонија, во текот на првите шест месеци од 2005 година, беа извршени 12 контроли за примената на прописите од областа на девизното и денарското работење од страна на банките. Од извршените контроли, 9 се однесуваат на целокупното работење на банките, а 3 се однесуваат на делумна контрола на работењето на банките.

### 2.2.2. Супервизија на сигурност на информативните системи на банките (ИТ супервизија)

Во текот на првите шест месеци од 2005 година се извршени 3 целосни и 3 делумни контроли на сигурноста на информативните системи на банките. Предмет на контролите беше начинот на имплементација на стандардите на информативната сигурност од страна на банките.

Врз основа на извршените контроли констатирано е следното:

- Организациските единици во банките кои се надлежни за информативниот систем не се соодветно организирани и кадровски екипирани;

[9] CAMELs рејтинг системот опфаќа анализа и оценка на: капиталот, квалитетот на активата, управување со средствата и обврските, следење на ризиците на кои се изложени банките во своето работење, профитабилноста и воопшто севкупниот процес на корпоративно управување со банките

- Банките немаат направено целосна проценка на ризиците кои произлегуваат од неадекватните системи на интерна контрола во информативниот систем;

- Банките пристапуваат кон изработка на политиките и процедурите за сигурност на информативните системи без да извршат реално мерење и контрола на ризиците;

- Во организационата поставеност на банките, одговорното лице за сигурност на информативниот систем најчесто не е директно одговорно пред работоводниот орган на банката, туку работи во рамките на ИТ организациската единица, со што постои конфликт на интереси во извршувањето на неговите функции;

- Банките немаат адекватни планови за континуитет во работењето и тие најчесто се разбрани како планови за континуитет на информатичката опрема;

- Банките треба да ги унапредат постојните договори со обезбедувачите на ИТ услуги;

- Банките треба да ги усовршуваат техничките контроли за сигурен информативен систем.

### 2.2.3. Преземени корективни активности спрема банките и штедилниците

Во рамките на своите законски овластувања, а со цел одржување на стабилноста и сигурноста на одделните банкарски институции и банкарскиот систем во целина, НБРМ презема корективни активности спрема банкарските институции кај кои се констатирани неправилности и неуредности во работењето. Во текот на првите шест месеци на 2005 година, НБРМ донесе 10 решенија со корективни мерки спрема 7 банки и поднесе 10 барања за поведување прекршочна постапка спрема 7 банки и нивните одговорни лица. Исто така, во овој период НБРМ поднесе 2 кривични пријави, една против стечаен управник на банка во стечај и поранешни членови на работоводен орган во банка и една против одговорните лица на правни лица - акционери во банка.

Во текот на првите шесет месеци на 2005 година ѝ беше одземена дозволата за основање и работа и беше утврдено дека се исполнети условите за отворање стечајна постапка на Радобанк АД Скопје.

Во продолжение се прикажани преземените мерки и бројот на банки и штедилници на кои тие се однесуваат.

***Преглед бр. 3***
***Видови и број на преземени мерки***

| **Вид на мерка** | **Број на банки и штедилници на кои им е наложена мерката** |
|---|---|
| Именување на повереник | една банка |
| Забрана за вршење на сите банкарски работи, освен наплата на побарувања | една банка |
| Докапитализација, на начин кој ќе овозможи усогласување на банката со пропишаните лимити за кредитна изложеност и капитални вложувања | една банка |

| | |
|---|---|
| Исклучување од платниот промет и забрана за исплата од сметката на банката, со исклучок на плаќање на трошоци за тековно работење, обврски спрема државата и трошоци за постапките насочени кон спречување на намалување на имотот на банката и за наплата на побарувања | една банка |
| Забрана за одобрување нови непокриени вонбилансни изложености, без претходна верификација од страна на овластено лице од НБРМ | една банка |
| Задолжување за престанување со извршување на финансиски активности од член 46 од Законот за банките | една банка |
| Овластување на лице од НБРМ да врши надзор над спроведувањето на корективните мерки изречени спрема банката | една банка |
| Задолжување за доставување на план за докапитализација, кој воедно ќе содржи и план за усогласување на банката со пропишаните лимити за кредитна изложеност и за капитални вложувања | една банка |
| Задолжување за распоредување на добивката за покривање загуби од минати години | една банка |
| Задолжување за усогласување со лимитот за кредитна изложеност спрема поединечен акционер, сопственик на акции со право на глас над 5% од вкупниот број акции со право на глас (член 35 став 2 од Законот за банките) | една банка |
| Задолжување за усогласување со лимитот за капитални вложувања на банките (член 39 став 1 од Законот за банките) | една банка |
| Задолжување за прекласификација на побарувањата од комитенти согласно констатации од извршена непосредна контрола на работењето | две банки |
| Задолжување за преземање засилени активности за продажба на преземените материјални средства и основните средства на банката, како и за наплата на достасаните побарувања | една банка |
| Задолжување за промена на деловниот објект во кој е сместено седиштето на банката со деловен објект кој ќе има адекватна техничка опременост и соодветна физичка безбедност | една банка |
| Задолжување за затворање на девизните сметки на банката во странски банки | две банки |
| Задолжување за затворање на девизните сметки на домашните банки што се водат во банката | една банка |
| Ограничување на трошоците за репрезентација и реклама | една банка |
| Задолжување за реорганизирање на службата за внатрешна ревизија | една банка |
| Задолжување за воспоставување систем за евиденција на кредитите класифицирани во ризични категории Г и Д и кредитите кај кои каматата не е наплатена полго од 90 дена | една банка |
| Задолжување за развивање систем за идентификување и следење на трансакции поврзани со перење на пари | една банка |
| Задолжување за префрлање средства од девизни сметки во странски банки на девизни сметки кај домашна банка овластена за вршење на платен промет со странство | една банка |
| Задолжување за продажба на вишок девизни средства по основ на девизно штедење на население, на НБРМ или на друга овластена банка за вршење на платен промет со странство | една банка |
| Задолжување за продажба на вишок девизни средства по основ на девизни сметки на физички лица, на НБРМ или на друга овластена банка за вршење на платен промет со странство | една банка |
| Задолжување за известување на странски банки и други нерезиденти за одземено овластување за вршење на платен промет и кредитни гаранциски работи со странство | една банка |
| Задолжување за известување на домашни правни лица за одземено овластување за вршење на платен промет и кредитни гаранциски работи со странство | една банка |
| Задолжување за известување на домашни и странски физички лица за одземено овластување за вршење на платен промет и кредитни гаранциски работи со странство | една банка |
| Задолжување за ажурирање на акционерска книга | една банка |
| Задолжување за обезбедување адекватна сметководствена | една банка |

| | |
|---|---|
| евиденција на комисионо работење | |
| Задолжување за соодветно евидентирање на кредити согласно пропишаната методологија | една банка |
| Задолжување за соодветно прикажување на вкупната кредитна изложеност спрема поединечен комитент согласно пропишаната методологија | една банка |
| Задолжување за ажурирање на документација за членови на управен одбор | две банки |
| Задолжување за зајакнување на системот на следење на курсниот ризик | една банка |

## II. БАНКАРСКИОТ СИСТЕМ ВО ПРВОТО ПОЛУГОДИЕ ОД 2005 ГОДИНА

### 1. Структура на банкарскиот систем

#### 1.1. Број на банки и штедилници

Со состојба на 30.06.2005 година во Македонија работеа 20 банки и 15 штедилници, што е за една банка помалку отколку на крајот на 2004 година. Во мај 2005 година, со Одлука на гувернерот на НБРМ е укината дозволата за основање и работа на Радобанк АД Скопје и е утврдено дека се исполнети условите за воведување стечајна постапка во банката.

На крајот на првото полугодие од 2005 година, 15 банки имаат овластување за вршење финансиски активности во земјата и во странство[10], додека 4 банки имаат овластување за вршење финансиски активности само во земјата[11]. Македонската банка за поддршка на развојот АД Скопје извршува специфични финансиски активности на финансирање на мали и средни претпријатија и поддршка на извозот исклучиво преку другите деловни банки.

Штедилниците, кои го претставуваат вториот сегмент на банкарскиот систем на Македонија, и натаму имаат маргинална улога. Штедилниците партиципираат со 1,4% во целокупниот финансиски потенцијал, што, споредено со крајот на 2004 година, претставува мал раст од 0,1 процентен поен. Незначителното учество на штедилниците во остварувањето на активностите на ниво на банкарски систем се потврдува и низ следните индикатори:

- Учеството на штедилниците во вкупните депозити на населението на ниво на целиот банкарски систем изнесува 0,7% и е непроменето во однос на 31.12.2004 година;

- Вкупните денарски депозити[12] на штедилниците од население се само 2,4% од денарските депозити на население на ниво на банкарскиот систем, што укажува на низок интерес кај населението за депонирање на слободните парични средства во штедилниците;

- Штедилниците опфаќаат 3,2% од вработените на ниво на банкарскиот систем.

Со оглед на маргиналното влијание на штедилниците врз перформансите на банкарскиот систем во Македонија, натамошната анализа на основните карактеристики, структурата и перформансите на банкарскиот систем ќе биде фокусирана на податоците и показателите за работењето на банките.

Во насока на посеопфатна анализа на перформансите на банкарскиот систем, банките се класифицирани во три целни групи според големината на нивната актива. Групата **големи банки** ја сочинуваат банки чија актива е поголема од 15 милијарди денари, групата **средни банки** се состои од банки чија актива е помеѓу

[10] Овие финансиски активности се предвидени во членовите 45 и 46 од Законот за банките.
[11] Овие финансиски активности се предвидени во член 45 од Законот за банките
[12] Штедилниците се овластени да прибираат депозити само во домашна валута

2 и 15 милијарди денари, а групата **мали банки** се банки со актива помала од 2 милијарди денари.

***Преглед бр. 4***
***Групи на банки според големината на активата, 30.06.2005.***

| Група | Големина на актива | Број на банки | | Учество во финансискиот потенцијал | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 31.12.2004 | 30.06.2005 | 31.12.2004 | 30.06.2005 |
| **Големи банки** | Актива >15 милијарди | 3 | 3 | 66.8% | 68.1% |
| **Средни банки** | 2 милијарди < Актива < 15 милијарди | 8 | 10 | 22.0% | 25.1% |
| **Мали банки** | Актива<2 милијарди | 10 | 7 | 11.2% | 6.8% |
| | **Вкупно** | **21** | **20** | **100.0%** | **100.0%** |

Според големината на активата, најголемиот број на банки припаѓаат на групата средни банки. Споредено со состојбата на 31.12.2004 година, постои придвижување во позитивна насока имајќи го предвид континуираниот тренд на раст на финансискиот потенцијал на банките во изминатите години. Бројот на средните банки се зголемил за две банки, додека бројот на малите банки се намалил за три.

## 1.2. Концентрација и пазарно учество

1.2.1. Концентрација на банкарскиот систем

Анализата на концентрацијата на банкарскиот систем на Македонија со состојба на 30.06.2005 година е направена според три критериуми:

а) висината на вкупната актива, односно вкупниот финансиски потенцијал
б) висината на капиталот
в) вкупните банкарски активности (билансни и вонбилансни активности)

Анализата покажува релативно високо ниво на концентрација на банкарскиот систем согласно сите претходно наведени критериуми. Трите најголеми банки поседуваат најголем дел од финансискиот потенцијал или 68,1%, наспроти учеството од 25,1% и 6,8% на средните и малите банки, соодветно. Споредено со 31.12.2004 година, констатирани се одредени структурни поместувања во креирањето на финансискиот потенцијал преку натамошно зголемување на учеството во вкупната актива на групата големи банки и групата средни банки, и тоа за 1,3 процентни поени, односно 3,1 процентни поени, соодветно. Од друга страна, учеството на малите банки се намалува за 4,4 процентни поени, што е последица на излегувањето на една мала банка од банкарскиоот систем и зголемувањето на активата на 2 банки над 2 милијарди денари, со што преминаа во групата на средните банки.

***Графикон бр.1***
**Концентрација на одделни групи на банки според вкупната актива со состојба на 30.06.2005 година**



Нивото на концентрацијата измерено според индексот Herfindahl[13] на 30.06.2005 година изнесува 1.708, што упатува на степен на прифатлива концентрација на банкарскиот систем на Македонија.

Концентрацијата на банкарскиот систем мерена според капиталната сила на банките е на релативно пониско ниво. Сепак, и според овој критериум доминира групата на големите банки, која располага со 43,9% од капиталот на банкарскиот систем, по која следува групата средни банки со 39,3%, а остатокот од 16,8% им припаѓа на малите банки. Споредено со крајот на 2004 година, постојат структурни поместувања, во насока на зголемување на учеството на групата на големите банки за 1,5 процентни поени, и на групата на средните банки за 6,7 процентни поени. Паралелно со намалувањето на бројот на малите банки се намалува и нивното учество во вкупниот капитал на ниво на банкарскиот систем од 25,0% на крајот на 2004 година, на 16,8% на 30.06.2005 година.

***Графикон бр. 2***
**Концентрација на одделни групи на банки според капиталот со состојба на 30.06.2005 година**




На 30.06.2005 година, вкупните банкарски активности (билансни и вонбилансни), и натаму се концентрирани кај групата големи банки. Имено, трите најголеми банки се носители на 69,1% од вкупните банкарски активности, што споредено со 31.12.2004 година претставува зголемување од 1,4 процентни поени. Зголемувањето на групата средни банки го зголемува опфатот на активности кај овие банки од 21,5% со состојба на 31.12.2004 година на 24,5% со состојба на 30.06.2005 година. Паралелно со намалувањето на бројот на малите банки, се намалил и нивниот удел во вкупните банкарски активности од 10,8% на 31.12.2004 година на 6,5% на 30.06.2005 година.

***Графикон бр. 3***
**Концентрација на одделни групи на банки според вкупните активности со состојба на 30.06.2005 година**




1.2.2. Дистрибуција на активата и капиталот по банки

[13] Индексот Herfindahl претставува показател за степенот на концентрација на банкарскиот систем кој се пресметува како збир на квадратот на учеството на активата на секоја одделна банка во вкупната актива на ниво на банкарскиот систем. Индекс еднаков на 100 е показател за отсуство на концентрација, додека индекс еднаков на 10.000 е показател за постоење на монопол во банкарскиот систем. Доколку индексот Herfindahl се движи помеѓу 1.000 и 1.800 единици, концентрацијата на активата се смета за прифатлива.

Анализата на дистрибуцијата на активата по одделни банки покажува дека и натаму е присутен голем јаз меѓу одделни банки во Македонија. Така, активата на најголемата банка е речиси двојно поголема од активата на третата банка по големина, 5,7 пати поголема во однос на првата средна банка, што е речиси идентично со дистрибуцијата на активата по банки на крајот на 2004 година. Разликата меѓу активата на најголемата и на најмалата банка од 70,4 пати на крајот на 2004 година е намалена на 66,6 пати на крајот на јуни 2005 година. Големи се разликите во финансискиот потенцијал помеѓу банките од различните групи на банки, но во рамките на иста група тие разлики се поумерени.

За разлика од големиот јаз во износот на активата на одделни банки, анализата на дистрибуцијата на капиталот покажува релативна рамномерност. Додека активата на најголемата банка е за 66,6 пати поголема од активата на најмалата банка, капиталот на најголемата банка е поголем за 12,8 пати во однос на најмалата банка. Притоа, најголема е разликата во износот на капиталот меѓу третата и четвртата банка (капиталот на четвртата банка по големина на капиталот претставува 58,0% од капиталот на третата банка по големина). Релативно помалиот јаз според овој показател во најголема мера се должи на фактот што најголемиот дел од депозитната база е сконцентриран кај големите банки, поради што овие банки имаат помало учество во капиталот во споредба со нивното учество во активата на банкарскиот систем.

### 1.2.3. Пазарно учество на банките

*Графикон бр. 4*
*Пазарно учество по групи на банки*
*со состојба на 30.06.2005 година*




Релативно високото ниво на концентрација на банкарскиот систем се потврдува и преку анализа на учеството на банките во вкупната кредитна и депозитна активност на ниво на банкарскиот систем. Со состојба на 30.06.2005 година, 76,2% од вкупната депозитна база и 69,2% од вкупната кредитна активност е сконцентрирана кај групата големи банки што претставува раст во однос на 31.12.2004 година за 0,7 односно 3,0 процентни поени, соодветно. Споредено со 31.12.2004 година, учеството на групата на средните банки во вкупната депозитна база пораснала за 2,1 процентни поени (од 16,8% на 18,9%). Покрај тоа, учеството на оваа група банки во вкупните кредитни активности на 30.06.2005 година достигнало 24,8%, наспроти 22,5% на крајот на 2004 година. Овие прегрупирања се должат на преминот на две мали банки во групата на средни банки. Овие движења, од своја страна, го намалуваат учеството на групата мали банки во вкупната депозитна база од 7,7% на 4,9%, а во кредитната активност од 11,3% на 5,9%.

## 1.3. Сопственичка структура

Сопственичката структура на банките во Република Македонија е анализирана од два аспекта: 1) според степенот на приватизираност на банките и 2) според учеството на странскиот капитал.

Според степенот на приватизираност, во банките во Република Македонија и понатаму доминантно место зазема приватниот капитал. Степенот на приватизираност на банкарскиот систем во Република Македонија изнесува 91,4%, односно 95,7% доколку од анализата се изземе Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје, која е во целосна државна сопственост. Во споредба со крајот на 2004 година, степенот на приватизираност е поголем за 0,4 процентни поени. Анализарано по групи на банки, и натаму најмал степен на приватизираност има кај групата средни банки - 84,4%, додека групите големи и мали банки остануваат со високи и приближно изедначени степени на приватизираност од 96,4% и 94,6%, соодветно. Зголемувањето на степенот на приватизираност кај групата средни банки, во споредба со крајот на 2004 година, се должи на поместувањата во структурата на групите банки.

Анализирано од аспект на структурата на обични и приоритетни акции според категоријата на акционери, најголемо учество во обичните акции на ниво на целиот банкарски систем (82,9%) имаат правните лица во приватна сопственост, додека во приоритетните акции најголемо учество (66,9%) имаат физичките лица. Јавниот сектор и јавните претпријатија поседуваат 8,5% од обичните и 1,7% од приоритетните акции на ниво на банкарскиот систем.

**Преглед бр. 5**
**Степен на приватизираност на банките во Република Македонија состојба 30.06.2005 година**

| Р.б | Опис | Обични акции | % во вк. обични акции | Приоритет-ни акции | % во вк. приоритет-ни акции |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Физички лица | 1,176,573 | 7.3% | 495,342 | 66.9% |
| 2 | Правни лица во приватна сопственост | 13,295,166 | 82.9% | 229,864 | 31.1% |
| **I** | **Вкупно (1+2)** | **14,471,740** | **90.2%** | **725,206** | **98.0%** |
| 3 | Јавни претпријатија | 213,603 | 1.3% | 3,168 | 0.4% |
| 4 | Јавен сектор | 1,156,533 | 7.2% | 9,682 | 1.3% |
| 5 | Недефиниран статус | 202,826 | 1.3% | 2,082 | 0.3% |
| **II** | **Севкупно (I+3+4+5)** | **16,044,702** | **100.0%** | **740,138** | **100.0%** |

На крајот на првото полугодие на 2005 година, странскиот капитал е застапен кај 16 банки и претставува 51,6% од вкупниот капитал на банкарскиот систем. Притоа, намалувањето на бројот на банките во кои е присутен странски капитал (на крајот од 2004 бројот на овие банки беше 17) се должи на излезот на една банка од банкарскиот систем на Република Македонија во текот на првото полугодие на 2005 година. За одбележување е благиот пораст на учеството на странскиот капитал во вкупниот капитал, што се должи на сé поизразениот интерес за тргување со акциите на домашните банки од страна на странски правни и физички лица. Притоа, најголемо учество на странскиот капитал и натаму се регистрира кај групата големи банки (58,9%), додека кај групите средни и мали банки учеството изнесува 49,0% и 39,0%, соодветно (на крајот на 2004 учествата по групи на банки изнесуваа 56,9%; 34,2% и 48,8% за групите големи, средни и мали банки, соодветно). Овие промени на учеството на странскиот капитал кај групите средни и мали банки во однос на крајот од 2004 година, главно се должат на прегрупирањето на банките според големината на нивната актива.

**Преглед бр. 6**
**Структурно учество на банките според видот на сопственоста**

| Вид на сопственост | Број на банки | | Учество во вкупниот капитал (%) | | Учество во вкупната актива (%) | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 31.12.2004 | 30.06.2005 | 31.12.2004 | 30.06.2005 | 31.12.2004 | 30.06.2005 |
| Банки во сопственост на домашни приватни акционери | 12 | 11 | 47.5% | 45.4% | 50.8% | 46.6% |
| Банки во сопственост на државата | 1 | 1 | 4.9% | 4.5% | 1.9% | 1.6% |
| Банки во сопственост на странски акционери | 8 | 8 | 47.6% | 50.1% | 47.3% | 51.8% |
| **Вкупно** | **21** | **20** | **100.0%** | **100.0%** | **100.0%** | **100.0%** |

Бројот на банки кои се во сопственост на странски акционери[14] на крајот на првите шест месеци од 2005 година изнесува осум, и е непроменет во споредба со крајот на 2004 година. Учеството на овие осум банки во вкупниот капитал и во вкупната актива на банкарскиот систем изнесува 50,1% и 51,8%, соодветно. Од овие осум банки, четири се подружници на странски банки: Стопанска банка АД Скопје (подружница на National Bank of Greece - Грција), Тутунска банка АД Скопје (подружница на Нова Љубљанска банка ДД Љубљана - Словенија), Алфа банка АД Скопје (подружница на Alpha Bank Athens - Грција) и Т.Џ. Зираат банкаси подружница Скопје (подружница на T.C.Ziraat Bankasi - Турција). При тоа, по две од овие осум банки припаѓаат на групата големи и мали банки, а останатите четири на групата средни банки. Структурното поместување во корист на групата средни банки произлегува од прегрупирањата на банките според големината на нивната актива настанато во текот на првото полугодие од 2005 година. Банките во сопственост на домашни приватни акционери имаат приближно исто учество во вкупниот капитал како и банките во сопственост на странски акционери.

### 1.4. Банкарска мрежа и број на вработени

Анализата на географската дистрибуција на банките во банкарскиот систем на Република Македонија покажува дека најголемиот број од банките се сконцентрирани на територијата на главниот град. Така, 16 банки имаат свое седиште во Скопје, а само 4 се надвор од Скопје. Овие банки припаѓаат на групата средни (две банки) и групата мали банки (две банки) и заедно зафаќаат 10,5% од финансискиот потенцијал, односно 13,8% од вкупниот капитал во банкарскиот систем.

Високата концентрација на банките на една локација, во голема мера се релативизира со постоењето на дисперзирана банкарска мрежа, која се состои од 36 филијали, 203 експозитури, 690 шалтери, 12 деловни единици, 1 кредитна канцеларија и 138 АТМ-и. Тука посебно треба да се нагласи Поштенска банка АД Скопје, која своите активности ги извршува преку 320 поштенски единици со 620 шалтери на целата територија на Република Македонија, кои започнуваат да ги користат и останатите банки. Зголемената конкуренција и потребата за доближување до клиентите, претставуваат главен мотив на банките за зголемување на бројот на организационите делови.

Организациските делови на банките се лоцирани на територијата на Република Македонија, со исклучок на една банка која поседува свое претставништво во странство.

*Графикон бр.5*
*Квалификациона структура на вработените во банките на 30.06.2005 година*




Бројот на вработените на ниво на банкарскиот систем изнесува 4.544 и во однос на 31.12.2004 се намалил за 91 вработен. Најголемиот дел од банките во текот на првите шест месеци од 2005 година го зголемиле бројот на вработените, но отворањето

[14] Како банки во сопственост на странски акционери се сметаат банките кај кои странскиот капитал учествува со над 50% во вкупниот капитал.

стечајна постапка врз Радобанк АД Скопје значеше редуцирање на вработеноста на ниво на банкарскиот систем. Најголем дел (59,6%) од вработените припаѓаат на групата големи банки, каде што само првите две банки опфаќаат дури 52,5% од вкупно вработените во банкарскиот систем. Средните и малите банки опфаќаат 28,3% и 12,0%, соодветно.

Во квалификациската структура доминираат работниците со средна стручна подготовка (2.354 работници), а веднаш зад нив се работниците со високо образование (1.689 работници).

## 1.5. Структура на понудата на банкарски услуги

Просечниот број на корисници на банкарски услуги по одделна банка во Република Македонија на 30.06.2005 година изнесува 136.144 корисници, што претставува пораст од 15.450 корисници споредено со крајот на претходната година. Физичките лица имаат доминантно учество во вкупниот просечен број корисници (95,2%), додека останатиот дел од 4,8% го сочинуваат правните лица. Депозитната активност на банките претставува најчесто користена услуга, која ја користат 70,8% од просечниот број корисници на банкарски услуги. Иако употребата на паричните картички е сеуште на ниско ниво, односно зафаќа само 5,0% од вкупните банкарски услуги, треба да се истакне динамичниот раст на употребата на оваа банкарска услуга од 27,1% (или во просек 1.457 корисници) во споредба со крајот на 2004 година. Тоа е резултат на се поголемата примена на паричните картички од страна на физичките лица.

***Преглед бр. 7***
***Просечен број на корисници на банкарски услуги***
***состојба 30.06.2005 година***

| Ред. бр. | Опис | Правни лица | | Физички лица | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | просечен број корисници | % | просечен број корисници | % | просечен број корисници | % |
| 1 | Кредити, акредитиви, гаранции | 956 | 14.6% | 7,217 | 5.6% | 8,173 | 6.0% |
| 2 | Депозити | 5,462 | 83.6% | 90,899 | 70.1% | 96,361 | 70.8% |
| *2а* | - по видување | 5,418 | 83.0% | 76,779 | 59.2% | 82,197 | 60.4% |
| *2б* | - орочени | 44 | 0.7% | 14,120 | 10.9% | 14,164 | 10.4% |
| 3 | Парични картички (дебитни - кредитни) | 113 | 1.7% | 6,718 | 5.2% | 6,830 | 5.0% |
| 4 | Тековни сметки | - | 0.0% | 24,780 | 19.1% | 24,780 | 18.2% |
| | **Вкупно** | **6,531** | **100.0%** | **129,613** | **100.0%** | **136,144** | **100.0%** |

Просечниот број на корисници кај групата големи банки изнесува 584.937 корисници, што е 4,3 пати повеќе од просекот на ниво на банкарскиот систем (Графикон бр.6). Просечниот број на корисници на услуги од групата средни банки е 2,6 пати помал од просекот на банкарскиот систем и изнесува 52.040. За групата мали банки, тој просек е 63.952 корисници. Овие показатели даваат уште една потврда за концентрацијата

***Графикон бр. 6***
***Структура на просечниот број корисници - физички лица по одделни групи банки***



на банкарскиот систем на Македонија кај големите банки.

## 2. Активност на банките

Континуираниот и интензивен раст на депозитната база во последните години е директна последица, а воедно и показател за јакнењето на довербата на јавноста во македонскиот банкарски систем. За разлика од крајот на 2004 година, кога новоприбраните депозити беа во целост пласирани во вид на кредити кај нефинансиски субјекти, сликата е променета по првото полугодие од 2005 година. Имено, наспроти новоприбраните депозити во износ од 11.218 милиони денари, пласманите кај нефинансиски субјекти (правни лица и население) пораснале за 5.671 милиони денари. Ова покажува дека половина од новоприбраните депозити банките ги пласирале кај комитенти, додека останатата половина е пласирана во вид на депозити кај банки и во високоликвидни хартии од вредност издадени од државата и од НБРМ.

### 2.1. Актива на банките

Континуираниот растечки тренд на активата на банкарскиот систем регистриран во претходните години, продолжи и во текот на првите шест месеци од 2005 година, кога вкупната актива на банкарскиот систем достигна 132.208 милиони денари или 12,1% повеќе во однос на крајот на 2004 година. Структурните движења и квалитетот на активата на ниво на банкарскиот систем и натаму се обележани од страна на групата големи банки, чија актива учествува со 68,1% во активата на ниво на банкарскиот систем. Учеството на вкупната актива на групата мали банки се намалува во однос на крајот на 2004 година, и со 30.06.2005 година изнесува речиси незначителни 6,8%.

*Графикон бр.7*
*Тренд на вкупната актива на банкарскиот систем по групи на банки*




Порастот на вкупната актива се должи на групите големи и средни банки, додека активата на групата мали банки се намалила за 4.136 милиони денари или за 31,4%. Ова намалување кај групата мали банки е последица на намалувањето на бројот на малите банки, поради преминот на две мали банки во групата средни банки и излезот на Радобанк АД Скопје од банкарскиот систем на Македонија.

За разлика од претходната повеќегодишна доминација на пласманите кај странски банки, на крајот на 2004 година доминантната позиција во активата на банкарскиот систем ја преземаа кредитите кај нефинансиските субјекти. На крајот на јуни 2005 година, кредитите на нефинансиски субјекти учествуваат со 40,3% во вкупната актива, наспроти 34,2% колку што изнесува учеството на пласманите кај банки. Овие структурни учества се речиси идентични со учествата на крајот на 2004 година. Ваквите движења укажуваат на зајакнување на интермедијациската функција на банките во земјата.

***Графикон бр.8***
***Структура на активата***







Во првата половина од 2005 година, како и претходните периоди, најголем пораст во апсолутен износ покажуваат кредитите кај комитенти (нефинансиски правни лица и население), по кои следат пласманите кај банки. Со остварен пораст од 10.141 милиони денари овие две позиции речиси во целост го детерминираат порастот на активата за првите шест месеци од 2005 година од 14.223 милиони денари.

2.1.1. Кредитна активност на банките - кредити на нефинансиски субјекти

Кредитната активност, како основна финансиска активност на банките во Република Македонија се рефлектира во активата на банкарскиот систем, со учество од 40,3% на 30.06.2005 година. Во структура на кредитите на нефинансиски субјекти и понатаму доминираат кредитите кај претпријатија, со 43.528 милиони денари или 69,1% од вкупните кредити. По нив следат кредитите кај население, кои изнесуваат 18.666 милиони денари или 29,6% од вкупните кредити.

Континуираното јакнење на депозитната база на банкарскиот систем, проследено со проширување на понудата на производи и сé позасилената побарувачка од клиентите, доведе до задржување на растечкиот тренд на кредитите кај нефинансиските субјекти - правни и физички лица. Полугодишната стапка на пораст на овие кредити, за 2005 година изнесува 9,9%. Апсолутниот износ на порастот од 5.671 милиони денари укажува дека е задржана истата динамика на раст како и претходната година (годишен пораст од 12.182 милиони денари), но сепак процентуалниот пораст е помал во однос на претходната година, кога на годишно ниво изнесуваше 27,0%. Најизразен пораст за првите шест месеци од 2005 година, од 21,7% покажуваат кредитите кај население, за разлика од кредитите кај претпријатијата, кои пораснале за 6,1%.

**Преглед бр.8**
**Структура на кредитите на нефинансиски субјекти**

Во милиони денари

| Датум | Опис | Вкупно | Вкупно | | Претпријатија | | Население | | Други комитенти | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Денарски | Девизни | Денарски | Девизни | Денарски | Девизни | Денарски | Девизни |
| 31.12.2004 | Достасани кредити | 1,210 | 726 | 484 | 616 | 470 | 110 | 3 | 0 | 11 |
| | Краткорочни кредити | 19,583 | 16,822 | 2,760 | 13,771 | 2,703 | 2,457 | 43 | 594 | 15 |
| | Долгорочни кредити | 26,848 | 19,851 | 6,997 | 8,464 | 6,611 | 11,378 | 298 | 9 | 87 |
| | Нефункционални кредити | 9,727 | 8,510 | 1,217 | 7,297 | 1,089 | 1,026 | 17 | 187 | 111 |
| | **Вкупно бруто кредити** | **57,367** | **45,910** | **11,457** | **30,149** | **10,872** | **14,971** | **362** | **790** | **224** |
| | Резерви за потенцијални загуби | -9,292 | | | | | | | | |
| | **Вкупно нето кредити** | **48,076** | | | | | | | | |
| 30.06.2005 | Достасани кредити | 1,332 | 1,019 | 313 | 826 | 299 | 174 | 9 | 19 | 5 |
| | Краткорочни кредити | 19,908 | 16,237 | 3,670 | 12,905 | 3,624 | 3,018 | 42 | 314 | 4 |
| | Долгорочни кредити | 32,678 | 23,137 | 9,541 | 9,227 | 8,864 | 13,841 | 467 | 68 | 210 |
| | Нефункционални кредити | 9,121 | 7,887 | 1,234 | 6,685 | 1,097 | 1,094 | 20 | 107 | 117 |
| | **Вкупно бруто кредити** | **63,038** | **48,280** | **14,757** | **29,644** | **13,884** | **18,128** | **538** | **509** | **336** |
| | Резерви за потенцијални загуби | -9,696 | | | | | | | | |
| | **Вкупно нето кредити** | **53,342** | | | | | | | | |

Најголемиот дел од кредитите кај комитенти или 69,2% се одобрени од страна на групата големи банки, додека учеството на групата мали банки е само 6,0%. Овој податок уште еднаш го наметнува заклучокот за доминантното влијание на групата големи банки во целокупниот банкарски систем во земјата. Динамиката на пораст на кредитите кај комитенти за првите шест месеци од 2005 година е особено изразена кај трите големи банки, додека износот за кој пораснале овие кредити кај групата средни банки е речиси идентичен со износот за кој се намалила кредитната активност на малите банки.

*Графикон бр.9*
*Динамика на кредитите на нефинансиски субјекти*




Кога се зборува за кредитниот растеж, особено е важен фактот дека динамика на растот на кредитите е проследена со побавна динамика на пораст на резервациите за потенцијални загуби по основ на антиципиран кредитен ризик. Имено наспроти порастот на кредитите за последните 6 месеци од 9,9% или 5.671 милиони денари, резервациите за овие пласмани пораснале за 4,3% или за 404 милиони денари. Ова е особено важно бидејќи покажува дека кредитниот растеж не е проследен со влошување на квалитетот на пласманите. Во прилог на овој заклучок оди и фактот дека со 30.06.2005 година нефункционалните кредити на комитенти бележат пад од 606 милиони денари или 6,2%, во однос на 31.12.2004 година.

а) Валутна структура на кредитите на нефинансиски субјекти




Од аспект на валутната структура на кредитите на нефинансиски субјекти, 76,6% се денарски кредити[15], наспроти девизните кредити кои учествуваат со 23,4%. Во анализираниот период од шест месеци учеството на денарските кредити во вкупните кредити на нефинансиски субјекти се намалува за 3,4 процентни поени, колку што изнесува порастот на учеството на девизните кредити.

б) Рочна структура на кредитите на нефинансиски субјекти




Во анализираниот период од шест месеци доаѓа до зајакнување на доминантната позиција на долгорочните кредити, кои на 30.06.2005 година учествуваат со 51,8% во вкупните бруто кредити, наспроти 46,8% на крајот на 2004 година. Притоа, треба да се потенцира дека постепено се намалува учеството на долгорочните кредити кај претпријатија во вкупните долгорочни кредити (од 56,2% на крајот на 2004 година на 55,4% на крајот на јуни 2005 година). Паралелно, учеството на долгорочните кредити кај населението во вкупните долгорочни кредити минимално се зголемило, од 43,5% на крајот на 2004 година на 43,8% на крајот на јуни 2005 година.

Порастот на долгорочните кредити проследен со послаб интензитет на пораст на краткорочните кредити, доведува до намалување на учеството на краткорочните кредити во вкупните кредити, од 34,1% на крајот на 2004 година на 31,6% на крајот на јуни 2005 година. Во рамките на краткорочните кредити доминираат (со 83,0%) кредитите одобрени на претпријатија.

2.1.2. Пласмани кај банки

[15] Во рамки на денарските кредити се вклучени и денарските кредити со девизна клаузула.

Пласманите кај банки, кои главно се однесуваат на депозити кај странски банки, изнесуваат 45.205 милиони денари или 12,1% повеќе во однос на крајот на 2004 година. Порастот се должи исклучиво на движењата кај групите големи и средни банки, за разликата од малите банки, чии депозити кај други банки се намалуваат за 43,4% (Анекс број 1). Намалувањето кај групата мали банки се должи исклучиво на прегрупирањето на банките, пришто три банки ја напуштиле групата мали банки. Групата големи банки и понатаму опфаќа најголем дел од пласманите кај други банки (73,5%) додека учеството на малите банки изнесува минимални 3,0%.

2.1.3. Пласмани во хартии од вредност

Пласманите во хартии од вредност на крајот на јуни 2005 година изнесуваат 15.095 милиони денари или 11,4% од вкупната актива на банките, што претставува речиси неизменето учество во однос на крајот на претходната година (11,0%). Во рамки на позицијата пласмани во хартии од вредност и понатаму доминираат хартиите од вредност издадени од страна на државата по различни основи (6.301 милиони денари или 41,7% во вкупните пласмани во хартии од вредност) и благајничките записи на НБРМ (6.004 милиони денари или 39,8% во вкупните пласмани во хартии од вредност). Најзначајна ставка во рамки на државните хартии од вредност, на износ од 4.998 милиони денари, е обврзницата издадена од страна на државата во процесот на приватизација на една банка.

Во анализираниот период од шест месеци пласманите во хартии од вредност се зголемиле за 2.089 милиони денари или за 16,1%. Порастот, главно, се должи на новозапишаните благајнички записи на НБРМ, во износ од 1.539 милиони денари, што во најголем дел е директна последица на зголемената ликвидност на банкарскиот систем предизвикана од растечкиот тренд на депозитната база. Значителен пораст покажуваат и пласманите во државни записи, кои на крајот на јуни 2005 година достигнаа износ од 1.025 милиони денари или 89,5% повеќе во однос на состојбата на крајот на претходната година.

## 2.2. Обврски и сопствени средства

На 30.06.2005 година пасивата на банкарскиот систем ја задржува истата структура како и претходните периоди. Со учество од 70,7% (71,7% на 31.12.2004 година) доминантна категорија во пасивата на банкарскиот систем претставуваат депозитите на нефинансиските лица (правни лица и население). Втора доминантна категорија претставуваат сопствените средства на банките со учество од 16,3% во вкупната пасива (17,0% на 31.12.2004 година). Учеството на позајмиците од 8,5% е речиси непроменето во однос на крајот на 2004 година, кога изнесувало 8,2%.

***Графикон бр.12***
***Структура на пасивата***



### 2.2.1. Депозити на нефинансиски правни лица и население

Трендот на пораст на депозитите од нефинансиски субјекти (правни лица и население), присутен во претходните години, е задржан и во првите шест месеци од 2005 година. На 30.06.2005 година овие депозити достигнаа највисоко ниво од монетарното осамостојување на Република Македонија и изнесуваа 93.467 милиони денари, што претставува зголемување од 11.183 милиони денари, односно 13,6% споредено со 31.12.2004 година. Носител на депозитната база се депозитите на населението, иако нивното учество во вкупните депозити бележи мал пад (од 57,7% на 31.12.2004 година на 56,8% на 30.06.2005 година). Депозитите на претпријатијата учествуваат со 38,7% во вкупните депозити на нефинансиски субјекти (37,4% со 31.12.2004 година). Депозитите на категоријата други комитенти учествуваат со незначителни 1,5% (2,0% со 31.12.2004 година).

а) Валутна структура на депозитите на нефинансиски субјекти

Со состојба на 30.06.2005 година, девизните депозити претставуваат 53,4% од вкупната депозитна база, додека остатокот од 46,6% се однесува на денарските депозити. Во анализираниот период од шест месеци девизните и денарските депозити бележат зголемување од 12,1%, односно 15,5%, соодветно.

Повеќе од половина (53,2%) од денарските депозити им припаѓаат на претпријатијата, 37,3% на денарските депозити на население, а остатокот од 9,5% на јавниот сектор и на категоријата други комитенти.

За разлика од денарските депозити, каде што постои релативно порамномерна дистрибуција на депозитите помеѓу физичките и правните лица, кај девизните депозити е присутна целосна доминација на депозитите од населението, кои зафаќаат 73,9% од вкупните девизни депозити на нефинансиските субјекти.

***Преглед бр.9***

***Структура на депозитите на нефинансиски правни лица и население***

во милиони денари

| Датум | Опис | Вкупно | Вкупно | | Претпријатија | | Население | | Јавен сектор | | Други комитенти | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Денарски | Девизни | Денарски | Девизни | Денарски | Девизни | Денарски | Девизни | Денарски | Девизни |
| 31.12.2004 | Депозити по видување | 42,817 | 18,724 | 24,093 | 9,016 | 6,700 | 7,450 | 17,393 | 744 | - | 1,514 | - |
| | Ограничени депозити | 1,039 | 478 | 561 | 344 | 561 | - | - | 128 | - | 6 | - |
| | Краткорочно орочени депозити до 1 година | 35,025 | 16,089 | 18,936 | 9,637 | 4,089 | 5,278 | 14,530 | 702 | - | 472 | 318 |
| | Долгорочно орочени депозити над 1 година | 3,403 | 2,258 | 1,145 | 409 | - | 1,718 | 1,137 | 99 | - | 31 | 8 |
| | **Вкупно** | **82,284** | **37,549** | **44,735** | **19,406** | **11,350** | **14,447** | **33,059** | **1,673** | **-** | **2,024** | **326** |
| | Стапка на промена на депозитите во однос на 31.12.2003 година | 17.2% | 13.1% | 21.0% | 21.5% | 26.6% | 13.2% | 18.8% | -24.5% | | -10.5% | 71.9% |
| 30.06.2005 | Депозити по видување | 45,815 | 19,864 | 25,951 | 9,210 | 7,133 | 8,232 | 18,818 | 589 | - | 1,833 | |
| | Ограничени депозити | 1,316 | 574 | 742 | 455 | 742 | - | - | 110 | - | 9 | - |
| | Краткорочно орочени депозити до 1 година | 43,575 | 21,198 | 22,377 | 13,150 | 5,131 | 6,812 | 16,949 | 702 | - | 534 | 297 |
| | Долгорочно орочени депозити над 1 година | 2,796 | 1,729 | 1,067 | 397 | - | 1,223 | 1,067 | 47 | - | 62 | |
| | **Вкупно** | **93,502** | **43,365** | **50,137** | **23,212** | **13,006** | **16,267** | **36,834** | **1,448** | **-** | **2,438** | **297** |
| | Стапка на промена на депозитите во однос на 31.12.2004 година | 13.6% | 15.5% | 12.1% | 19.6% | 14.6% | 12.6% | 11.4% | -13.5% | - | 20.5% | -9.1% |

б) Рочна структура на депозитите на нефинансиски субјекти

Од аспект на рочноста на депозитната база и натаму доминираат депозитите на краток рок[16] со учество од 97,0% во депозитната база. Притоа, безмалку половина од вкупните депозити на нефинансиски субјекти се депозити по видување.

Според категоријата на комитенти, на 30.06.2005 година 56,0% од депозитите на краток рок припаѓаат на населението, додека 39,5% се краткорочни депозити на претпријатија. Доминантното учество на депозитите на население е уште поизразено во рамки на долгорочните депозити и изнесува 81,9% .

2.2.2. Сопствени средства

Сопствените средства на банките на 30.06.2005 година изнесуваат 21.525 милиони денари што претставува 16,3% од вкупната актива на банкарскиот систем. Притоа, 43,9% од сопствените средства припаѓаат на групата големи банки, 39,3% на групата средни банки и 16,7% на групата мали банки. Најголем пораст на сопствените средства, во висина од 1.925 милиони денари, е регистриран кај групата средни банки, наспроти намалувањето од 1.387 милиони денари кај групата мали банки. Овие движења се должат главно на излезот на една мала банка од банкарскиот систем и трансфер на две банки од групата мали во групата средни банки.

## 2.3. Вонбилансни активности на банките

Вкупните вонбилансни активности, кои ги одразуваат потенцијалните обврски на банките, на 30.06.2005 година изнесуваат 12.123 милиони денари. Притоа, учеството на покриените вонбилансни позиции[17], кои во основа не претставуваат ризик за банките, изнесуваат 9,2% од вкупните вонбилансни ставки. Најголемо учество од 81,3% имаат непокриените гаранции и акредитиви, додека остатокот се однесува на неискористените рамковни кредити. Споредено со крајот на 2004 година, вкупните вонбилансни активности на банките пораснале за 50 милиони денари или 0,4%.

***Преглед бр. 10***

**Вонбилансни активности** — **во милиони денари**

| Вонбилансни активности | 31.12.2000 | 31.12.2001 | 31.12.2002 | 31.12.2003 | 31.12.2004 | 30.06.2005 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Покриени вонбил. ставки | 1,573 | 3,134 | 1,238 | 1,174 | 1,085 | 1,113 |
| Чинидбени гаранции | 3,244 | 3,340 | 3,010 | 3,291 | 3,163 | 3,387 |
| Неискористени рамковни кредити - обврски за кредитирање | 123 | 155 | 536 | 422 | 1,122 | 1,153 |
| Непокриени гаранции, акредитиви. | 9,059 | 8,811 | 6,504 | 6,592 | 6,703 | 6,470 |
| Вкупна вонбил. активност | 13,998 | 15,440 | 11,288 | 11,479 | 12,073 | 12,123 |
| Ризична вонбил. актива/ вкупна вонбил. актива | 88.8% | 79.7% | 89.0% | 89.8% | 91.0% | 90.8% |

[16] По видување, орочени на краток рок и ограничени депозити

[17] Покриени вонбилансни позиции се оние за кои комитентот во моментот на одобрувањето положил покритие во денарски или девизни парични средства, кое е со строго одредена намена и не може да се повлече се до моментот на затворањето на вонбилансната позиција.

Ризичните вонбилансни ставки учествуваат со 90,8% во вкупната вонбилансна актива, што е речиси идентично со учеството на крајот на 2004 година. Нивното високо учество покажува дека значителен дел од вкупните вонбилансни активности на банките во Република Македонија повлекуваат одреден кредитен ризик, односно имаат потенцијал да се трансформираат во билансни побарувања. Тука е битно да се истакне дека 90,3% од овие вонбилансни побарувања со 30.06.2005 година се класифицирани во ниско ризичните категории “А” и “Б”.

Анализата на динамиката на вонбилансните позиции од аспект на нивното одобрување, затворање, паѓање на товар на банката и потоа нивната наплата го потврдуваат погоре наведеното. Имено, новоодобрената вонбилансна кредитна изложеност во текот на првите шест месеци од 2005 година изнесува 10.802 милиони денари, од која на товар на банките паднале 162 милиони денари, или само 1,5%.

## 3. Ризици во банкарското работење

### 3.1. Кредитен ризик

Трендот на константен пораст на кредитното портфолио на банките од претходните години продолжи и во првата половина на 2005 година. Притоа, вкупната кредитна изложеност на банкарскиот систем на Република Македонија на 30.06.2005 година достигна ниво од 130.464 милиони денари, што претставува пораст од 9,5% во однос на 31.12.2004 година. Ова е највисок полугодишен пораст на кредитното портфолио на банките во последните 3 години. Имено, освен во второто полугодие на 2002 година, кога бележи намалување, во сите останати шестмесечни периоди, од 30.06.2002 година до 30.06.2005 година, кредитното портфолио на банките остварува пораст кој се движи од 3,3% до 9,5%.

Редовните кредити имаат доминантно учество во вкупната кредитна изложеност на банките во Република Македонија од 71,8%, наспроти нефункционалните кредити кои учествуваат со 7,4%. Категоријата други побарувања учествува со 12,4%, а останатите две категории на кредитна изложеност (редовна камата и вонбилансни ставки) заедно учествуват со 8,4%.

Притоа, учеството на редовните кредити во вкупната кредитна изложеност и понатаму продолжува да расте (за 1,8 процентни поени во однос на 31.12.2004 година), додека учеството на нефункционалните кредити се намалува од 9,0% на 31.12.2004 година на 7,4% на 30.06.2005 година.

Групата големи банки има најголемо учество во вкупната кредитна изложеност на 30.06.2005 година од 70,6% и истото бележи зголемување од 1,5 процентни поени во однос на 31.12.2004 година. Учеството на групата средни банки изнесува 24,2%, додека остатокот од 5,2% се однесува на групата мали банки. Како резултат на намалувањето на бројот на банки кои влегуваат во групата на мали банки, кај оваа група е остварено најголемо намалување на учеството во вкупната кредитна изложеност, од 4,3 процентни поени.

#### 3.1.1. Квалитет на кредитното портфолио

Структурата на кредитното портфолио, од аспект на неговата ризичност, укажува на доминатно учество на кредитната изложеност класифицирана во ризичните категории А и Б (88,2%). Во однос на 31.12.2004 година, учеството на

кредитната изложеност класифицирана во овие ризични категории е зголемено за 11,2%, односно за 42,8% споредено со 30.06.2002 година[18]. Овие движења упатуваат на заклучок дека порастот на вкупната кредитната изложеност на банките се манифестира преку креирање нови кредитни изложености, кои речиси во целост се класифицирани во ниско ризичната категорија А. Ваквиот заклучок може да се поткрепи и со фактот што учеството на кредитната изложеност класифицирана во двете најризични категории (Г и Д) бележи намалување од 5,3% во однос на 31.12.2004 година (намалувањето на кредитната изложеност класифицирана во ризична категорија Г изнесува 10,3%, додека намалувањето на кредитната изложеност класифицирана во ризична категорија Д изнесува 2,2%). Просечното ниво на ризичност на кредитното портфолио на банките на 30.06.2005 година изнесува 8,9% што одговара на ризична категорија "Б". Притоа, овој индикатор и понатаму продолжува да бележи подобрување (се намалува), кое споредено со 31.12.2004 година изнесува 0,8 процентни поени, односно 1,2 процентни поени во однос на 30.06.2004 година.

*Графикон бр. 13*
*Структура на вкупната кредитна изложеност по одделни ризични категории*




Анализата на квалитетот на кредитното портфолио од аспект на неговата покриеност со гарантниот капитал на банките покажува дека на 30.06.2005 година биле потребни 73,1% од гарантиот капитал за целосно покривање на износот на кредитната изложеност на банките класифицирана во ризичните категории В, Г и Д (Анекс број 3). Овој индикатор бележи подобрување во однос со 31.12.2004 година, кога учеството на кредитната изложеност класифицирана во трите најризични категории во гарантниот капитал изнесувало 81,3%. Подобрувањето е резултат како на порастот на износот на гарантниот капитал на банките, така и на подобрувањето на структурата на кредитното портфолио од аспект на неговата ризичност.

Подобрувањето на квалитетот на кредитното портфолио на банките може да се согледа и преку учеството на нерезервираниот износ на кредитната изложеност класифицирана во ризичните категории В, Г и Д (кредитна изложеност намалена за издвоената посебна резерва) во гарантниот капитал, кое на 30.06.2005 година изнесува 26,9%, што е за 2,6 процентни поени помалку во однос на 31.12.2004 година, а дури 19,6 процентни поени помалку во однос на 30.06.2002 година. Овој показател покажува дека во случај на целосна ненаплата на кредитната изложеност класифицирана во ризичните категории В, Г и Д, на 30.06.2005 година околу една четвртина од гарантниот капитал на банките би бил потребен да се покријат остварените загуби. Ваквото песимистичко сценарио би довело до намалување на адекватноста на капиталот од 23,1% на 20,8%, што покажува дека и во ваков случај солвентната позиција на банкарскиот систем во целина не е загрозена. Учеството на нето-кредитната изложеност класифицирана во

[18] Почнувајќи од 31.03.2002 година, започна да се применува нова методологија за класификација на активните билансни и вонбилансни ставки според степенот на нивна ризичност, поради што анализата на кредитниот ризик содржи споредба со 30.06.2002 година.

ризичните категории В, Г и Д во гарантниот капитал е најголемо кај групата големи банки (45,8%), што е резултат на структурата на изворите на средства на оваа група банки, во која депозитната база има поголемо учество од капиталот. Останатите две групи банки, кои своето работење во поголема мера го базираат врз сопствените извори на средства, имаат релативно ниско учество на нето-кредитната изложеност класифицирана во ризичните категории В, Г и Д во гарантниот капитал на соодветната група (12,1% - групата средни банки и 11,2% - групата мали банки).

Доминацијата на групата големи банки во вкупната кредитна изложеност на банкарскиот систем на 30.06.2005 година значи дека оваа група банки има најголемо влијание врз показателите за квалитетот на кредитното портфолио, како и врз вкупните движења и трендови во однос на претходните периоди. Имено, 72,1% од вкупната кредитната изложеност на банките класифицирана во ризични категории В, Г и Д и 71,1% од вкупниот износ на издвоена посебна резерва за покривање на потенцијалните загуби, отпаѓаат на групата големи банки.

Групата мали банки има најнеповолна структура на кредитното портфолио, што може да се согледа од индикаторите за нивото на учеството на кредитната изложеност класифицирана во ризични категории В, Г и Д (16,8%) и на побарувањата класифицирани во ризична категорија Д (6,4%) во вкупната кредитна изложеност, како и од односот меѓу износот на издвоената посебна резерва за потенцијални загуби и вкупната кредитна изложеност (11,5%). Како позитивен треба да се издвои фактот дека овие показатели бележат одредени подобрувања во однос на 31.12.2004 година, кога тие изнесувале 21,3%, 8,3% и 14,5%, соодветно. Треба да се истакне дека ваквото намалување е резултат на промената во бројот на банки кои ја сочинуваат оваа група, како и на реалното подобрување на квалитетот на кредитното портфолио на оваа група банки споредено со 31.12.2004 година. Подобрување на показателите за квалитетот на кредитното портфолио бележат и останатите две групи банки, што само ја потврдува изнесената констатација за позитивни движења во кредитното портфолио на банките во Република Македонија, како доминантен сегмент во нивното работење.

***Преглед бр. 11***

| Опис | % на Д во вкупна кредитна изложеност | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | *2001* | *2002* | *2003* | *2004* | Јуни-05 |
| Големи банки | 6.4 | 2.9 | 7.1 | 5.5 | 4.9 |
| Средни банки | 1.6 | 0.9 | 2.3 | 5.0 | 5.2 |
| Мали банки | 3.8 | 3.1 | 3.7 | 8.3 | 6.4 |

***Преглед бр. 12***
***Показатели за квалитетот на кредитното портфолио на банките во Република Македонија по групи банки***

| | % на В,Г,Д во вкупна кредитна изложеност | | | | | % на В,Г,Д во гарантен капитал | | | | | % на нето В,Г,Д во гарантен капитал | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *2001* | *2002* | *2003* | *2004* | Јуни-05 | *2001* | *2002* | *2003* | *2004* | Јуни-05 | *2001* | *2002* | *2003* | *2004* | Јуни-05 |
| Големи банки | 43.4 | 17.1 | 15.7 | 13.1 | 12.1 | 194.7 | 132.1 | 141.7 | 129.9 | 118.4 | 99.3 | 63.7 | 48.2 | 48.5 | 45.8 |
| Средни банки | 19.2 | 14.6 | 10.7 | 10.1 | 10.1 | 53.0 | 66.7 | 52.4 | 40.4 | 38.9 | 33.4 | 43.8 | 26.4 | 13.2 | 12.1 |
| Мали банки | 35.6 | 14.5 | 21.5 | 21.3 | 16.8 | 56.2 | 29.9 | 48.8 | 50.7 | 31.9 | 32.4 | 14.4 | 23.0 | 17.9 | 11.2 |
| **На ниво на банкарски систем** | **33.7** | **15.9** | **15.1** | **13.2** | **11.8** | **95.7** | **77.7** | **81.0** | **81.3** | **73.1** | **52.3** | **41.6** | **32.5** | **29.5** | **26.9** |

3.1.2. Кредитна изложеност по одделни сектори

Во структурата на кредитната изложеност на банките по одделни сектори на 30.06.2005 година, најголемо учество има секторот "финансиско посредување" (37,2%). Кредитната изложеност спрема овој сектор во најголема мера произлегува од изложеноста спрема НБРМ врз основа на пласмани во благајнички записи, како и од изложеноста спрема странски и домашни банки, кои заедно претствуваат 96% од вкупната кредитна изложеност кон овој сектор. Вкупна кредитна изложеност поголема од 10% е присутна и кон "преработувачката индустрија" (17,9%), "физичките лица" (15,0%) и "трговија на големо и трговија на мало" (12,5%). Просечната ризична категорија на изложеноста на банкарскиот систем спрема овие најзначајни сектори се движи помеѓу ризичните категории "А" и "В".




Анализата на секторската изложеност по одделни групи банки укажува на доминантно учество на групата големи банки. Оваа група има учество од над 50% во кредитната изложеност спрема тринаесет сектори, вклучувајќи ги и четирите најзначајни сектори[19], додека групата средни банки најголемо учество остварува во четири сектори[20] (изложеноста спрема овие сектори зафаќа 1,3% од вкупната кредитна изложеност на банкарскиот систем).

Кредитната изложеност спрема физичките лица се́ повеќе го зголемува своето значење во вкупните кредитни активности на банките. Имено, вкупните пласмани на население на 30.06.2005 година забележаа пораст од 21,7% во однос на 31.12.2004 година, или 66,4% во однос на 30.06.2004 година. Во структурата на овие пласмани најголемо учество имаат потрошувачките кредити (52,4%), по што следуваат станбените кредити со учество од 17,3%. Од аспект на учеството на одделните групи банки, и во овој случај, доминантно е учеството на групата големи банки и тоа во сите категории побарувања од физичките лица, освен во категоријата "други кредити", каде што најзначајно е учеството на групата средни банки (74,5%). Причината за високото учество на групата средни банки е карактеристиката на овие банки за кредитна поддршка на комитенти кои согласно Законот за трговски друштва се сметаат за трговци-поединци или физички лица кои вршат трговска дејност од




[19] Учеството на групата големи банки во кредитната изложеност спрема најзначајните сектори изнесува: финансиско посредување - 68,0%, преработувачка индустрија - 74,5%, трговија на големо и трговија на мало - 68,7% и физички лица - 67,7%.

[20] Рибарство, хотели и ресторани, здравство и социјална работа и ектериторијални организации и тела.

мал обем. Побарувањата од овие комитенти во најголема мера учествуваат во категоријата други кредити.

### 3.1.3. Анализа на кредитната активност на банките во девизи со резиденти

Со состојба на 30.06.2005 година вкупните девизни кредити на резиденти, без оглед на изворот на средствата[21] и намената[22], изнесуваат 14.109 милиони денари, што претставува пораст од 26,9% во споредба со 31.12.2004 година, односно 72,5% во однос на 30.06.2004 година. Ваквата динамика на пораст, пред сé, е резултат на либерализацијата на девизното кредитирање на резиденти со донесувањето на Одлуката за условите и начинот на склучување на кредитните работи во девизи меѓу резиденти во октомври 2003 година.

Девизните кредити на резиденти претставуваат 22,4% од вкупните кредити на 30.06.2005 година, што споредено со 31.12.2004 година претставува зголемување од 3 процентни поени.



***Графикон бр.16***
***Месечна динамика на редовните и нефункционалните девизни кредити на резиденти***

Порастот на вкупните девизни кредити речиси во целост е резултат на порастот на редовните девизни кредити. Тоа се потврдува и преку континуираниот умерен пораст на нивното учество во вкупните девизни кредити, со паралелно намалување на износот на нефункционалните кредити. Така, на 30.06.2005 година 96,4% од вкупните девизни кредити имаат редовен карактер, додека само 3,6% се нефункционални девизни кредити. За споредба, на 31.12.2004 година, редовните девизни кредити учествувале со 95,3% во вкупните девизни кредити, а нефункционалните со 4,7%.



***Графикон бр. 17***
***Новоодобрени и наплатени девизни кредити на резиденти во 2004 и 2005 година***

Во текот на првите шест месеци од 2005 година банките склучиле кредитни работи во девизи со резиденти во вкупен износ од 7.072 милиони денари, што преставува 26,0% од вкупните новоодобрени кредити на банките во овој период. За споредба, износот на кредитни работи во девизи склучени во првите шест месеци на 2005 година, достигнува дури 81,4% од износот на склучените

[21] странски кредитни линии или девизен потенцијал на банките
[22] плаќање во земјата или плаќање во странство

кредитни работи во девизи со резиденти остварен за 2004 година.

Вториот аспект на анализата на девизните кредити на резиденти се однесува на структурата на овие кредити според категоријата на кредитокорисници:

- Нето-извозници (резиденти кои во претходната година оствариле поголем девизен прилив од одлив и/или за кои анализата извршена од страна на банката покажува дека ќе остварат нето девизен прилив кој ќе овозможи измирување на неговите вкупни девизни обврски);
- Физички лица; и
- Останати (резиденти со кои банката склучила кредитни работи во девизи, а кои не се опфатени во групата нето-извозници или физички лица).

Од вкупно одобрените девизни кредити во првото полугодие на 2005 година, 85,3% се одобрени на резиденти од категоријата "останати", 10,1% на категоријата нето-извозници, а остатокот од 4,6% се одобрени на физички лица. Оваа структура на корисниците на девизни кредити може да доведе до зголемување на нивото на кредитниот ризик на кој се изложени банките, поради незаштитеноста на повеќето корисници на кредитите од курсен ризик. Меѓутоа, ваквата констатација значително се релативизира во амбиент на фиксен девизен курс на денарот во однос на еврото, согласно утврдената стратегија на НБРМ за таргетирање на номиналниот девизен курс на денарот во однос на еврото како посредна цел на монетарната политика. Друг лимитирачки фактор претставува законската рамка според која девизни кредити на резиденти се одобруваат на оние комитенти кои се класифицирани во ризичните категории "А" и "Б".

Во текот на првиот семестар од 2005 година само 0,5% од девизните кредити на резиденти станале нефункционални, при што на 30.06.2005 година нефункционалните девизни кредити на резиденти претставуваат само 3,6% од вкупните девизни кредити на резиденти.

Последниот аспект на анализата во оваа област се однесува на изворот на средства од кои се финансира кредитната активност во девизи. Учеството на странските кредитни линии користени за сметка на комитенти во вкупните девизни кредити одобрени на резиденти на 30.06.2005 година, изнесува 48,1%, споредено со 43,5% на 31.12.2004 година. Учеството на сопствениот девизен потенцијал на банките во вкупните одобрени девизни кредити изнесува 45,8%, што е речиси на истото ниво од крајот на 2004 година, кога изнесувало 45,0%.

## 3.2. Ризик на земјата

Вкупната бруто изложеност на банките на ризик на земја на 30.06.2005 година, изнесува 38.795 милиони денари или 29,7% од вкупната кредитна изложеност. Нето изложеноста на ризик на земја на банкарскиот систем (бруто изложеност намалена за износот на издвоената посебна резерва за потенцијални загуби за кредитен ризик), изнесува 38.377 милиони денари. Доминантно

**Графикон бр. 18**
**Структура на кредитната изложеност по земји на 30.06.2005 година**



учество во нето-изложеноста на ризикот на земја има изложеноста спрема странски банки (речиси 99% од вкупната изложеност) и тоа претежно спрема странски првокласни банки и со договорна рочност до три месеци. Поради ваквата структура на изложеноста спрема странство[23], банките издвојуваат многу низок износ на посебна резерва за потенцијални загуби за ризик на земја, кој на 30.06.2005 година изнесува 42 милиони денари, или само 0,1% од вкупната нето изложеност на ризикот на земја. Најголем дел од издвоената посебна резерва за покривање на ризикот на земја (97%) произлегува од изложеноста на банките спрема три земји.

Банките во Република Македонија имаат пласмани во 36 земји во светот. Најголем дел од оваа кредитна изложеност се однесува на изложеноста спрема странски комитенти од Германија, Австрија, Италија, Швајцарија, Холандија и САД. Овие шест земји учествуваат со 68,7% во вкупната изложеност на ризикот на земја со состојба на 30.06.2005 година. Гледано по одделни групи на банки, учеството на групата големи банки во изложеноста спрема странство е повторно најголемо и изнесува 76,6%, или 71,6% доколку се земе предвид само изложеноста спрема шестте земји со учество од над 5% во вкупната изложеност на ризикот на земја.

### 3.3. Ликвидносен ризик

Ликвидносниот ризик претставува потенцијален ризик од неможноста да се исплатат достасаните обврските, како последица на рочната неусогласеност на средствата и обврските на банките. Оптималната ликвидносна позиција на банките е условена од повеќе фактори како што се: 1) нивото и рочноста на примарните извори на средства, 2) зависноста од секундарни извори на средства и 3) оптималното ниво и расположливоста на ликвидни средства, а во најголема мера од 4) рочната усогласеност на активата и пасивата. Анализирано од аспект на претходно спомнатите фактори може да се констатира дека банките во Република Македонија во првите шест месеци од 2005 година одржуваа задоволително ниво на ликвидност. Ваквата состојба е резултат на континуираниот тренд на пораст на примарните извори на средства, како и на држењето висок износ на ликвидна актива, поради сеуште присутниот конзервативен пристап на банките при одобрувањето кредитни изложености на своите комитенти. Високото ниво на ликвидни средства е една од главните детерминанти на добрата ликвидносна позиција на банките. Така, резидуалната рочност на очекуваните приливи и одливи, како показател кој најсоодветно ја одразува ликвидносната позиција на банките, покажува висок степен на рочна усогласеност на средствата и обврските на банките. Наспроти ова, договорната резидуална рочност на средствата и обврските на банките на 30.06.2005 година е неусогласена како последица на доминантното учество на депозитите по видување од една страна и подолгорочниот карактер на кредитите од друга страна. Позитивната слика која ја дава очекуваната резидуална рочна структура на средствата и обврските, во најголем дел се должи на високата стапка на стабилност на депозитите по видување.

[23] Кредитната изложеност спрема странски првокласни банки и пласманите со договорна рочност до три месеци се пласмани за кои, согласно методологијата на НБРМ, се применува стапка на ризичен пондер од 0%.

### 3.3.1. Примарни извори на средства (депозити на нефинансиски субјекти)

*Графикон бр.19*
*Рочна структура на примарните извори на средства*




Трендот на пораст на депозитите на нефинансиски правни лица регистриран во текот на 2004 година продолжи и во текот на 2005 година. Така, просечниот месечен износ[24] на депозитите на нефинансиски субјекти како примарни извори на средства, за првите шест месеци од 2005 година изнесува 88.471 милиони денари што споредено со 2004 година претставува пораст од 11.987 милиони денари или 15,7%.

Просечното месечно учество на примарните извори на средства во вкупните просечни извори на средства на банките за првите шест месеци од 2005 година изнесува 70,0%, а учеството во вкупните туѓи извори на средства изнесува 84,6% (во 2004 година 69,0% и 85,3%, соодветно). Ваквата состојба го потврдува фактот дека примарните извори на средства претставуваат најзначаен извор на средства на банките. Речиси непроменетото учество на примарните извори на средства во вкупните извори на средства и во вкупните туѓи извори на средства наспроти нивното зголемено ниво во однос на 2004 година, се должи на порастот и на сопствените и на секундарните извори на средства.

Во текот на првите шест месеци од 2005 година продолжи трендот на зголемување на рочноста на депозитите. Депозитите по видување во просек учествуваа со 51,6% во вкупната депозитна база (58,2% во 2004 година) краткорочно орочените депозити имаа просечно учество од 45,2% (37,4% во 2004 година), а долгорочните 3,1% (4,3% во 2004 година).

*Графикон бр.20*
*Дистрибуција на примарните изворина средства по групи банки*




Правопропорционалниот однос меѓу големината на банките и обемот на прибраните депозити е задржан и во првите шест месеци од 2005 година, со што структурата по групи банки е речиси неизменета во споредба со 2004 година. Имено, најголем дел, односно 75,6% од вкупниот депозитен потенцијал, се наоѓа кај групата големи банки, додека кај групата средни и кај групата мали банки се наоѓаат 19,2% и 5,2%,

[24] За потребите на овој извештај, под „просечен месечен износ“ се подразбира просек од салдата на крајот на секој месец во анализираниот период.

соодветно. Ваквата дистрибуција на депозитите директно влијае и врз учеството на примарните извори во вкупните извори на средства, кое за првите шест месеци од 2005 година изнесува 78,5%, 53,7% и 48,2% за групите големи, средни и мали банки, соодветно. Ова учество по групи на банки е речиси неизменето во споредба со учеството за 2004 година, кога изнесувало 77,4%, 55,2% и 44,4%, соодветно за групите големи, средни и мали банки.

3.3.2. Секундарни извори на средства

Просечното учество на секундарните извори на средства[25] во вкупните извори на средства во првите шест месеци од 2005 година изнесува 10,0% (9,3% во 2004 година), а во вкупните обврски на банките изнесува 12,1% (11,6% во 2004 година). Краткорочните и долгорочните позајмици и понатаму имаат доминантно просечно учество од 85,8% во структурата на секундарните извори (83,1% - месечен просек за 2004 година). Од нив, најголем дел (75,7%) се однесува на долгорочните позајмици врз основа на долгорочни кредитни линии повлечени од странски банки.

*Графикон бр.21*
*Дистрибуција на секундарните извори на средства по групи банки*




Правопропорционалниот однос меѓу големината на банките и обемот на секундарните извори на средства се задржа и во текот на првите шест месеци од 2005 година. Најголем дел од секундарните извори на средства во висина од 52,4% ѝ припаѓа на групата големи банки, по што следуваат групата средни банки со 43,3% и групата мали банки со 4,4%. За споредба, структурата на секундарните извори на средства по групи на банки во текот на 2004 година била следна: 57,5% на групата големи банки, 31,9% на групата средни банки и 10,6% на групата мали банки. Зголеменото учество на секундарни извори на средства кај групата средни банки, наспроти нивното намалено учество кај групата мали банки главно се должи на преминот на две банки од групата мали во групата средни банки, како и на исклучувањето на една банка од групата мали банки поради одземената дозвола за работа.

Споредувајќи ги првите шест месеци од 2005 година со 2004 година, се забележува зголемено користење на секундарни извори на средства кај групата средни банки, со истовремено нивно намалено користење кај групата мали банки. Причините за ваквите движења лежат во промените во составот на групите банки. Кај групата големи банки, има незначително зголемување на користењето на секундарни извори на средства. Во анализираниот период, групата средни банки 17,3% од своите активности ги финансирала со секундарни извори средства, додека овие показатели за групите големи и мали банки изнесуваат 7,8%, односно 5,7%, соодветно. За споредба, во текот на 2004 година овие соодноси изнесувале 14,2%, 8,0% и 8,6% за групата средни, големи и мали банки, соодветно. Во текот на првите шест месеци на 2005 година, учеството на

[25] Секундарните извори на средства се однесуваат на депозити од банки, краткорочни и долгорочни позајмици.

секундарните извори на средства во вкупните обврски изнесува 8,8%, 23,6% и 9,6%, за групата големи, средни и мали банки, соодветно. Овие соодноси покажуваат дека групите мали и средни банки имаат поголема зависност од алтернативни извори на средства отколку групата големи банки, што се должи пред сé на пониското учество на примарните извори на средства во вкупните извори на средства кај овие две групи банки во однос на групата големи банки.

### 3.3.3. Ликвидна актива и високоликвидна актива

Просечното учество на ликвидната актива (дефинирана во поширока смисла на зборот[26]) во вкупната актива, во текот на првите шест месеци од 2005 година изнесува 43,3%, што е непроменето учество во однос на 2004 година кога изнесувало 43,1%.

Структурата на ликвидната актива во анализираниот период е неизменета во однос на претходните периоди. Средствата на кореспондентните сметки кај странски банки и понатаму се доминантна позиција, со просечно учество во вкупната ликвидна актива на банките од 65,4% (68,6% за 2004 година). Во текот на првите шест месеци од 2005 година, 11,1% од ликвидната актива банките ја држеле во парични средства, додека 9,4% држеле во форма на благајнички записи на НБРМ и 14,1% во долговни хартии од вредност[27], сметки кај домашни банки и краткорочни кредити на банки.

Во текот на првите шест месеци од 2005 година, учеството на високоликвидната актива[28] во вкупната актива на банките изнесува 15,5%, што е за 1,7 процентни поени повеќе во однос на месечниот просек за 2004 година. Ова ниво на високоликвидната актива во вкупната актива, обезбедува просечен степен на покриеност на депозитите по видување од 42,9% и целосна покриеност на очекуваниот кумулативен одлив на депозитите по видување во период од еден и до три месеци.

*Графикон бр.22*
*Структура на ликвидната актива*




Анализирано по групи на банки, дистрибуцијата на високоликвидната актива е правопропорционална на големината на банките. Така, најголем дел или 54,0% од високоликвидната актива ѝ припаѓа на групата големи банки, по што следуваат групата средни банки со 34,2% и групата мали банки со 11,8%. Ваквата дистрибуција е обратнопропорционална на просечното учество на високоликвидната актива во вкупната актива по групи банки. Како и во 2004

[26] Ликвидната актива, во поширока смисла, ги опфаќа паричните средства и салдата кај НБРМ, благајнички записи кај НБРМ, краткорочните долговни хартии од вредност, краткорочните кредити кај домашни и странски банки и салдата на сметките кај домашни и странски банки.
[27] Позицијата долговни хартии од вредност во најголем дел се однесува на долгорочните обврзници на државата и државните записи кои имаат речиси подеднакво учество, додека чековите и мениците се со сосема незначително учество.
[28] Дефинирана како збир од паричните средства и салда кај НБРМ, благајничките записи кај НБРМ и средствата по видување на сметки кај домашни и странски банки.

година и во текот на првите шест месеци од 2005 година, највисоко учество на високоликвидната актива во вкупната актива има кај групата мали банки со 24,0% (21,5%- месечен просек за 2004 година), по нив следува групата средни банки со 21,3% (19,4% - месечен просек за 2004 година), а најниско учество има групата големи банки со 12,4% (10,7% - месечен просек за 2004 година).

### 3.3.4. Рочна структура на активата и пасивата

Банките и во првото полугодие од 2005 година, имаа кумулативна договорна[29] резидуална рочна неусогласеност меѓу средствата и обврските со рок до седум дена, на износ од 28.011 милиони денари. Ваквата неусогласеност на краток рок резултира од доминантната застапеност на краткорочните извори на средства, особено на депозитите по видување наспроти подолгорочниот карактер на кредитите.

Анализирано по групи банки, договорната резидуална рочна неусогласеност во најголем дел е условена од рочната неусогласеност кај групата големи банки. Нивото на покриеност на депозитите по видување до седум дена со ликвидна актива (парични средства и пласмани кај други банки кои достасуваат до седум дена) изнесува 49,5% (50,7% - 31.12.2004 година). Сепак, и покрај неповолната договорна рочна структура на депозитниот потенцијал, анализата на трендот на овие депозити според досегашното искуство покажува континуирано ниво на стабилност. Процентот на стабилниот дел на депозитите по видување на рок од седум дена на ниво на банкарски систем изнесува 76,8% (74,6% - 31.12.2004 година), додека банките очекуваат дека само 16,9% од вкупните депозити може да се одлеат во рок од седум дена.

***Графикон 23***
***Кумулативна разлика помеѓу вкупната актива и пасива според договорната и очекуваната рочност - состојба 30.06.2005 година***




Сликата за реалната ликвидносна позиција на банките е сосема поинаква доколку се има предвид очекуваната[30] резидуална рочна структура, чија анализа покажува постоење на позитивна кумулативна разлика помеѓу средствата и обврските во сите рочни блокови. Ова во најголем дел е резултат на усогласеноста кај групата големи банки, како и на позитивната разлика кај групата средни банки и сосема мал дел на групата мали банки.

---

[29] Договорната резидуална рочност на одделните активни и пасивни позиции претставува преостанатиот период од крајот на извештајниот период до нивната договорна рочност, односно рочноста утврдена согласно со склучениот договор на банката и нејзиниот комитент.

[30] Очекуваната резидуална рочност на одделните активни и пасивни позиции претставува преостанатиот период од крајот на извештајниот период до нивната очекувана рочност, односно рок во кој банката оценува дека ќе настанат приливи и одливи на парични средства по основ на нејзините побарувања и обврски (врз основа на искуството на банката, воспоставениот процес за управување со ликвидносниот ризик и сл.).

3.3.5. Рочна структура на денарски и девизно номинираната активa и пасива

Рочната структура на активата и пасивата од аспект на денарската и девизната ликвидност според договорната резидуална рочна структура упатува на негативен ликвидносен денарски јаз, кој кумулативно може да се надмине во рочниот блок над дванаесет месеци, како и на негативен ликвидносен девизен јаз во сите рочни блокови, со исклучок на блоковите од седум дена до еден месец и над дванаесет месеци. Негативниот ликвидносен јаз до седум дена во денари изнесува 17.445 милиони денари, а во девизи 10.566 милиони денари. Анализирано по групи банки, негативниот ликвидносен јаз во најголема мера е детерминиран од рочната структура на денарски и девизно номинираната актива и пасива кај групата големи банки.

Очекуваната резидуална рочна структура дава поинаква слика за денарската и девизната ликвидносна позиција, која е многу поблиска до реалната состојба отколку договорената рочност. Анализата на очекуваната рочна структура на ниво на банкарскиот систем покажува дека на 30.06.2005 година негативниот денарски и девизен ликвидносен јаз до седум дена се надминува во целост. Така, вишокот денарски ликвидни средства до седум дена изнесува 519 милиони денари, а вишокот девизни ликвидни средства со рок до седум дена изнесува 10.171 милиони денари. За споредба, на 31.12.2004 година, според очекувањата на банките, вишокот на денарски ликвидни средства до седум дена изнесуваше 2.115 милиони денари, а 10.675 милиони денари на девизни ликвидни средства. Нивото на стабилни денарски депозити по видување со рок до седум дена изнесува 79,7% (78,3%-31.12.2004 година), а на девизните депозити изнесува 74,6% (71,7% - 31.12.2004 година).

## 3.4. Ризик на девизниот курс

3.4.1. Анализа на отворената девизна позиција на банките

На крајот од првото полугодие на 2005 година девизната актива на банките изнесува 78.144 милиони денари или 59,1% од вкупната нето актива. Девизната пасива изнесува 66.207 милиони денари или 50,1% од вкупната пасива. Трендот на пораст на вкупната девизна актива и девизна пасива, како и на нивното процентуално учество во вкупната актива и пасива на ниво на банкарски систем продолжи и во текот на првите шест месеци од 2005 година, достигнувајќи рекордни износи. Полугодишната стапка на пораст на вкупната девизна актива за 2005 година изнесува 14,5%, а на вкупната девизна пасива 13,6%. Тоа главно се должи на сеуште изразената склоност на населението да ги чува своите заштеди во

*Графикон бр. 24*
*Тренд на вкупна девизна пасива и вкупна девизна пасива*




*Графикон бр. 25*
*Процентуално учество на девизната актива и девизната пасива во вкупната актива*



странска валута, како и на либерализацијата на девизното кредитирање на резиденти извршено во октомври 2003 година.

Анализирано по групи банки (големи, средни и мали) се задржува правопропорционалниот однос меѓу големината на банките и големината на нивната девизна актива и пасива.

***Графикон бр. 26***
***Учество на девизната актива на одделни групи банки во вкупната актива***




***Графикон бр. 27***
***Учество на девизната пасива на одделни групи банки во вкупната пасива***




Зголемувањето на учеството на девизната актива на групата на средни банки во вкупната актива се должи на структурните поместувања при групирањето на банките според нивната големина, настанати во текот на првата половина од 2005 година. Од друга страна, продолжува трендот на пораст на учеството на девизната пасива на групата на големи банки во вкупната пасива, главно предизвикан од позитивната динамика на девизните депозити на различните категории комитенти.

Компаративната анализа на полугодишно ниво не покажува позначајни промени во структурата на девизната актива и девизната пасива, со исклучок на умереното зголемување на девизните побарувања за сметка на умереното намалување на хартиите од вредност кои се чуваат до достасување. Доминантно учество во девизната актива и натаму имаат пласманите во странски и домашни банки, следени од девизните побарувања (кредити, камати, и други пласмани и надоместоци), а во структурата на девизната пасива доминантното учество им припаѓа на девизните депозити на населението. Ваквата структура е сосема очекувана, имајќи ја предвид изразената преференција на населението да штеди во странска валута, а краткорочниот карактер на овие заштеди имплицира банките да чуваат најголем дел од овие средства во странски банки.

**Преглед бр. 13**
**Структура на девизната актива и девизната пасива - состојба 30.06.2005 година**

| Девизна актива | Износ | % во вк. актива | Девизна пасива | Износ | % во вк. пасива |
|---|---|---|---|---|---|
| Ефектива и чекови и долж. пазарни хар. од вредност | 1,871 | 2.4% | Девизни депозити на банки | 1,128 | 1.7% |
| Средства во странски и домашни банки | 43,366 | 55.5% | Девизни депозити на население | 36,325 | 54.9% |
| Девизни побарувања | 15,744 | 20.1% | Девизни депозити на претпријатија, јавен сектор и др. комитенти | 10,811 | 16.3% |
| Денарски побарувања со девизна клаузула | 13,921 | 17.8% | Девизни сред. на странски лица | 3,010 | 4.5% |
| Исправка на вредност | -2,386 | -3.1% | Дев. депозити со дев. клаузула | 5,252 | 7.9% |
| Хартии од вредност расположливи за продажба | 59 | 0.1% | Девизни кредити на банки | 9,191 | 13.9% |
| Хартии од вредност кои се чуваат до достасување | 5,277 | 6.8% | Останата пасива - други сметки | 490 | 0.7% |
| Останата актива - други сметки | 292 | 0.4% | | | |
| **Вкупна актива** | **78,144** | **100.0%** | **Вкупна пасива** | **66,207** | **100.0%** |

На крајот од првото полугодие на 2005 година само кај две банки има пречекорување на пропишаниот лимит за активна агрегатна отворена девизна позиција од 50%, додека лимитот за пасивна отворена девизна позиција не е пречекорен ниту од една банка (на крајот од 2004 година овие лимити беа пречекорени од страна на три банки).

## 3.5. Адекватност на капиталот/ризик од несолвентност

### 3.5.1 Капитал

На крајот на првото полугодие од 2005 година, капиталот на банките, дефиниран според методологијата на НБРМ, изнесува 21.340 милиони денари (348,1 милиони евра), што претставува зголемување за 1.435 милиони денари или за 7,2%, споредено со крајот на 2004 година. Овој раст на капиталот не се должи на некое значително зголемување на поодделните негови компоненти, туку произлегува од намалувањето на износот на одбитните ставки, пред сé на пренесената загуба од изминатите години и на помалиот износ на неиздвоената посебна резерва за потенцијалните загуби. Намалувањето на овие две одбитни ставки генерира три четвртини од регистрираниот пораст на капиталот на банките во првото полугодие на 2005 година. Остатокот од растот произлегува од зголемувањето на резервниот фонд на банките во однос на 31.12.2004 година за 420 милиони денари.

Анализата на капиталот на банките од аспект на учеството на одделните групи банки во вкупниот капитал на банкарскиот систем, покажува намалување на учеството на групата мали банки, за сметка на зголемувањето на учеството на групата средни банки. Учеството на групата мали банки изнесува 16,8% (помало за 8,2 процентни поени во однос на 31.12.2004 година), учеството на групата средни банки 39,3% (поголемо за 6,7 процентни поени во однос на 31.12.2004 година), додека учеството на групата големи банки изнесува 43,9% (на крајот на 2004 година изнесуваше 42,4%). Овие придвижувања произлегуваат од спомнатото прегрупирање на банките според нивната големина во првото полугодие од 2005 година.

Од аспект на дистрибуцијата на капиталната база по одделни банки, таа се движи во интервал од 3.609 милиони денари (58,9 милиони евра) кај банката со највисоко ниво на капитал до 282 милиони денари (4,6 милиони евра) кај банката со најниско ниво на капитал.

На крајот на првото полугодие од 2005 година нивото на покриеност на нето билансната актива со капиталот на банките изнесува 16,1% и во споредба со крајот на 2004 година е намалена за 0,8 процентни поени. Доколку се земе предвид бруто активата на банките, тогаш степенот на капитализираност изнесува 14,9%.

**Преглед бр. 14**
**Ниво на капитализираност на банките сос сотојба на 30.06.2005**

| Опис | Стапка на капитализ. (нето) | Стапка на капитализ. (бруто) | Адекватност на капитал |
|---|---|---|---|
| Големи банки | 10.4% | 9.6% | 14.9% |
| Средни банки | 25.3% | 23.5% | 37.6% |
| Мали банки | 39.7% | 36.6% | 52.5% |
| **Вкупно банки** | **16.1%** | **14.9%** | **23.1%** |

Најголема стапка на капитализираност има групата мали банки, која е 23,8 процентни поени поголема од просекот за целиот банкарски систем. Тоа е резултат на релативно поедноставната структура на изворите на финансирање (значително учество на капиталот) кај оваа група банки, за разлика од структурата на изворите за финансирање кај групата големи банки, која е далеку поразновидна, при што доминантно учество има депозитната база. Воедно, како последица на тоа, степенот на финансиска интермедијација кај групата мали банки е понизок, во споредба со степенот на финансиска интермедијација кај групата на големи банки.

*Графикон бр. 28*
***Ниво на нето актива, сопствени средства и капитализираност по групи банки на 30.06.2005***




3.5.2. Коефициент на адекватност на капиталот на банките

Коефициентот на адекватноста на капиталот на банките, како еден од најзначајните прудентни индикатори го рефлектира неопходното ниво на капитал за покривање на загубите кои произлегуваат од преземениот ризик при нивното работење. Ако стапката на адекватност на капиталот е доволно висока, капиталот ќе ги покрие потенцијалните загуби на банката и на тој начин ќе ги заштити депонираните туѓи средства, односно депозитите на клиентите. Според методологијата на НБРМ пресметката на коефициентот на адекватност на капиталот е детерминирана од големината на гарантниот капитал, ризично пондерираната билансна и вонбилансна актива и агрегатната отворена девизна позиција.

Гарантниот капитал на банките со состојба на 30.06.2004 година изнесува 21.106 милиони денари и споредено со крајот на 2004 година е поголем за 1.709 милиони денари, односно за 8,8%. Исто како и при анализата на зголемувањето на капиталот, така причините за зголемувањето и на гарантниот капитал лежат во намалувањето на износот на непокриените загуби од претходните години и износот на неиздвоената резерва за потенцијални загуби, како и на зголемувањето на резервниот фонд на банките при распределбата на остварените позитивни финансиски резултати за минатата година. Анализирано по групи на банки најголемо учество во гарантниот капитал и натаму има групата големи банки, со 44,5%.

Ризично пондерираната актива на крајот од првото полугодие на 2005 изнесува 79.733 милиони денари и во однос на 31.12.2004 бележи зголемување за 6.107 милиони денари, односно за 8,3%. Групата големи банки и натаму го задржува доминантното учество во ризично пондерираната актива на целиот банкарски систем, со 68,2%, што претставува пораст за 3,3 процентни поени. Учеството на ризично пондерираната билансна актива во вкупната билансна актива изнесува 55,5% и споредено со 31.12.2004 година е помало за 1,6 процентни поени. Ризично пондерираната вонбилансна актива на крајот од првото полугодие на 2005

година, во вкупното вонбилансно работење на банките учествува со 63,3%, што е речиси идентично со крајот на 2004 година.

Третата компонента која се зема предвид при пресметката на коефициентот на адекватноста на капиталот е агрегатната отворена девизна позиција, која на 30.06.2005 година изнесува 11.668 милиони денари.

Како резултат на динамиката на гарантниот капитал, ризично пондерираната билансна и вонбилансна актива и агрегатната отворена девизна позиција, просечната стапка на адекватноста на капиталот на 30.06.2005 година изнесува 23,1% и споредено со крајот на 2004 година се задржува на идентично ниво (на 31.12.2004 изнесуваше 23,0%).

Анализата по групи на банки покажува дека најниска стапка на адекватност на капиталот има групата големи банки - 14,9%, следена од групата средни банки - 37,6% а највисока, како и во изминатите периоди има групата мали банки - 52,5%. Ваквата разлика во стапката на адекватност на капиталот меѓу различните групи банки се должи на истите причини поради кои малите банки имаат висока стапка на капитализираност - мал обем на активности, доминација на капиталот во нивниот вкупен финансиски потенцијал и консеквентно на тоа, релативно мало учество на туѓите во вкупните извори на финансирање.

Со состојба на 30.06.2005 година сите банки во Република Македонија го исполнуваат пропишаниот минимум за стапката на адекватност на капиталот од 8%. Притоа, најмногу банки се наоѓаат во интервалот од 50% до 100%, а потоа следува интервалот од 30% до 50%.

***Преглед бр.15***
***Адекватност на капиталот на банките***

| Стапка на адекватност на капиталот | Број на банки | |
|---|---|---|
| | 31.12.2004 | 30.06.2005 |
| под 8% | 0 | 0 |
| од 8 до 12% | 0 | 0 |
| од 12 до 20% | 4 | 4 |
| од 20 до 30% | 3 | 4 |
| од 30 до 50% | 9 | 5 |
| од 50 до 100% | 5 | 7 |

Анализата на движењето на стапката на адекватност на капиталот покажува дека банките во Република Македонија во изминатите години одржуваа релативно висок и стабилен коефициент на адекватност на капиталот. Почнувајќи од 2002 година, кога беа направени модификации во методологијата за пресметка на адекватноста на капиталот, овој коефициент бележи континуиран тренд на намалување. Од една страна, високата стапка на адекватност на капиталот укажува на релативно стабилна солвентна позиција на банките, но од друга страна е индикатор за понизок степен на финансиска интермедијација. Токму поради ова, констатираниот тренд во движењето на стапката на адекватност на капиталот може да се смета како позитивен, само доколку нејзиното намалување е проследено со зајакнати системи на банките за управување со ризиците. На ваков начин банките ќе можат подобро да балансираат помеѓу ефикасноста и стабилноста.

*Графикон бр. 29*

**Движење на гарантниот капитал, ризично пондерираната актива и стапката на адекватност на капиталот**




## 3.6. Профитабилност

Креирањето на профит на задоволително ниво и со задоволителен квалитет е основа за зајакнување на капиталната база на банките, која е потребна за покривање на ризиците кои ги носи банкарското работење. Стабилната профитабилна позиција овозможува одржување на солвентна и ликвидносна стабилност на долг рок. Голем број екстерни детерминанти влијаат врз остварувањето на задоволителна профитабилна позиција, пред сé, динамиката на развојот на економијата, монетарната политика, ефикасноста на судството, побарувачката за банкарските производи, системите за управување со ризиците, како и други интерни фактори.

На крајот на првото полугодие од 2005 година банкарскиот систем оствари позитивен финансиски резултат во износ од 947 милиони денари. Тоа е 4,3 пати повеќе од првото полугодие на 2004 година, додека пак во истиот период во 2003 година банкарскиот сектор бележеше негативен финансиски резултат. Од вкупно 20 банки во Република Македонија, 18 банки оствариле позитивен финансиски резултат од вкупно 1.014 милиони денари, додека 2 банки, кои зафаќаат само 2,7% од финансискиот потенцијал, оствариле негативен финансиски резултат од 67,6 милиони денари. Констатацијата за подобрувањето на профитабилноста на банкарскиот систем се потврдува со фактот што за разлика од јуни 2005 година, на крајот на јуни 2004 година, 6 банки оствариле негативен финансиски резултат. Споредено со состојбата на 30.06.2004 година, реализираната добивка кај банките со остварен позитивен финансиски резулат е пониска за 45 милиони денари. Истовремено, значително е намалена загубата кај банките кои оствариле негативен финансиски резултат (од 838 милиони денари на крајот на јуни 2004 година, на 67,6 милиони денари на крајот на јуни 2005 година).

Заклучно со 30.06.2005 година, сите групи на банки работат со позитивен финансиски резултат. Групите големи и средни банки имаат приближно еднакво учество во остварениот финансиски резултат во првото полугодие од 2005 година (47,5% ѝ припаѓа на групата големи банки, додека 48,4% на групата средни банки).

***Преглед бр.16***
***Финансиски резултат по групи на банки***
***(во милиони денари)***

| Опис | 30.06.2003 | 30.06.2004 | 30.06.2005 |
|---|---|---|---|
| Големи банки | (10) | 231 | 450 |
| Средни банки | (128) | 148 | 458 |
| Мали банки | (280) | (157) | 39 |
| **Вкупно** | **(418)** | **222** | **947** |

***Графикон бр.30***
***Учество на банките во остварениот финансиски резултат***




3.6.1. Структура на билансот на успех

На крајот на јуни 2005 година, за прв пат остварениот позитивен финансиски резултат на ниво на банкарскиот систем (947 милиони денари) базира на приходи од редовното работење на банките. Имено најголемиот дел од вкупните приходи се врз основа на нето провизии со учество од 34,4% и нето каматни приходи по резервации за потенцијални загуби со учество од 31,8%. Оваа ситуација значително се разликува од поранешните периоди кога доминираа приходи од инцидентен карактер (приходи по други основи и вонредни приходи). Имено, приходите од инцидентен карактер покажуваат значително намалување на учеството во вкупните приходи, од 31,4% во јуни 2004 година, на 22,3% во јуни 2005 година. Маргината на покриеност на трошоците, како однос на приходите од редовен карактер (2.357 милиони денари) и општите и административните трошоци на банките (2.457 милиони денари), на 30.06.2005 година изнесува 95,9%. Ова претставува значително подобрување на профитабилната позиција на банките, ако се земе предвид дека маргината на покриеност на трошоците во јуни 2004 година изнесуваше 70,2%. Доколку продолжи ваквиот тренд на подобрување на структурата на приходите, реално е да се очекува, до крајот на 2005 година редовните приходи во целост да ги покријат општите и административните трошоци.

Во продолжение е даден детален осврт на структурата и движењата на одделните компоненти на агрегираниот биланс на успех со 30.06.2005 година во однос на 30.06.2004 година (Анекс број 2 кон овој извештај). При оваа анализа особено е битно да се истакне дека пресметката на вкупните приходи е извршена на принцип на нетирање на износите на сродните категории на приходи и расходи (нето каматен приход, нето приходи по основ на провизии, нето приходи по основ на дивиденди итн). Имајќи го ова во предвид вкупните расходи ги сочинуваат општите и административни трошоци и другите расходи.

Вкупниот ***каматен приход*** на банките на крајот од првото полугодие на 2005 година изнесува 3.591 милиони денари што претставува раст од 843 милиони денари или 30,7% повеќе во однос на истиот период претходната 2004 година. Во нив, доминантно учество или 77,3% имаат приходите по основ на камати на население и претпријатија. Каматните приходи на население покажуваат нагорен

тренд како и во претходните периоди, што е показател за продолжување на започнатиот тренд на растеж на кредитната поддршка на населението[31].

Вкупните ***каматни расходи*** на банките на крајот на јуни 2005 година изнесуваат 1.405 милиони денари, при што во однос на крајот на јуни 2004 покажуваат пораст од 341 милиони денари или 32,0%. Сите елементи во структурата на каматните расходи покажуваат пораст, при што најзначаен е порастот на каматните расходи од претпријатија од 68,6% како резултат на порастот на вкупните депозити од претпријатија[32].

Во структурата на вкупните каматни расходи доминантно е учеството на каматните расходи од население со 39,6%. Каматните расходи од населението покажуваат пораст од 23,0% во однос на 30.06.2004 година, што е резултат на континуираниот нагорен тренд на депозити на население[33].

***Нето каматниот приход*** на 30.06.2005 година изнесува 2.186 милиони денари, што претставува пораст од 503 милиони денари или 29,9% во однос на истиот период од претходната година. Неговиот пораст е резултат на поголемиот пораст на каматните приходи од растот на каматните расходи.

***Нето резервациите за потенцијални загуби*** за првите шест месеци од 2005 година изнесуваат 1.052 милиони денари и бележат намалување од 46 милиони денари или 4,3 % во однос на првата половина од 2004 година. Намалувањето на извршените резервации во првиот семестар од 2005 година се должи на константниот тренд на намалување на нивото на ризичност на кредитното портфолио на банките проследени со пораст на кредитирањето.

***Нето каматниот приход по резервации***, како приход остварен од извршувањето на основната функција на банките, коригиран за антиципираните загуби од одобрените кредити, на 30.06.2005 година изнесува 1.133 милиони денари или 31,8% од вкупните приходи. Споредено со истиот период во претходната година, нето каматниот приход по резервации покажува пораст од 93,9%, што воедно претставува најголем процентуален пораст меѓу одделните категории во билансот на успех. Основна причина за порастот на оваа категорија лежи во порастот на нето каматниот приход. Овој пораст се рефлектира врз крајниот финансиски резултат, овозможувајќи доминантно учество во неговото формирање да заземат приходите од редовен карактер.

Втората компонента на редовните приходи, покрај нето каматниот приход по резервации се ***нето приходите врз основа на провизии***. Оваа категорија приходи има доминантно учество од 34,4% во формирањето на вкупните приходи на ниво на банкарскиот систем. Со 30.06.2005 година нето приходите врз основа на провизии изнесуваат 1.224 милиони денари што е за 19,2% повеќе во споредба со 30.06.2004 година. Ова е резултат на зголемувањето на обемот на услугите дадени од страна на банките, особено при вршењето на платниот промет, кредитната активност, услуги во областа на девизното работење, вонбилансното работење и сл.

---

[31] Кредитите на население на 30.06.2005 година бележат пораст од 6.751 милиони денари (56,7%) во однос на 30.06.2004 година

[32] Депозитите на претпријатија, во однос на 30.06.2004 година се зголемиле за 9.617 милиони денари или 36,2%.

[33] Депозитите од население се зголемиле за 8.496 милиони денари (или 19,0%) во споредба со 30.06.2004 година.

Приходите врз основа на ***дивиденди, хартии од вредност, капитални дибивки и курсни разлики*** на нето основа на крајот од првиот семестар од 2005 година изнесуваат 407 милиони денари, или 11,4% од вкупните приходи на банкарскиот систем. Најголемо учество во оваа група приходи (80,6%) имаат нето курсните разлики во износ од 328 милиони денари, остварувајќи раст од 46,8% во однос на јуни 2004 година.

Категоријата ***други приходи*** на крајот од првиот семестар од 2005 година зафаќа трето место во вкупните банкарски приходи со 22,3%. Оваа категорија на приходи бележи намалување од 9,9% во однос на истиот период од претходната година. Пред се, тоа е резултат на намалувањето на приходите од девизно-валутно работење и приходите од минати години. Вонредните приходи во анализираниот период покажуваат пораст од 19,1 милиони денари, или 3,7%.

Вкупните расходи (***општи и административни трошоци и други расходи***) за првите шест месеци од 2005 година изнесуваат 2.612 милиони денари или 1,0% повеќе во однос на истиот период од претходната година. Во рамките на вкупните расходи доминантно е учеството на категоријата општи и административни трошоци со 94,1%, кои во истиот период минатата година учествувале со 88,8%. Повеќе од половина или 51,9% од оваа категорија отпаѓа на расходите за плати. Категоријата плати бележи пораст од 77 милиони денари или 6,4% во однос на истиот период од претходната година, додека бројот на вработените во рамки на банкарскиот систем опаѓа за 94 вработени.

Како резултат на ваквото движење на приходите и расходите на банките, остварен е финансиски резултат во висина од 947 милиони денари, кој е 4,3 пати поголем од оној кој е остварен на крајот на јуни 2004 година. Растот на вкупните приходи за 752 милиони денари или 26,8% и покрај порастот на вкупните други расходи (општи и административни трошоци и други расходи) за 26 милиони денари придонесе за зголемување на вкупниот финансиски резултат за 726 милиони денари. Притоа, уште еднаш треба да се истакне констатацијата дека подобрувањето на нивото на профитабилноста е резултат на позитивните трендови кај приходите од редовно работење, односно на високиот пораст на нето каматните приходи по резервации како и растот на приходите од провизии. Банкарскиот систем на Република Македонија има потенцијал за натамошно подобрување на профитабилноста, замајќи го во предвид фактот дека само 40,3% од вкупниот финансиски потенцијал е пласиран кај нефинансиски субјекти, како и дека значаен дел од активата на банките претставува нискокаматоносна актива. Нивна делумна реалокација во вид на кредити на реалниот сектор би влијаеле врз натамошно подобрување на профитабилната позиција на банките.

### 3.6.2. Показатели за профитабилноста и ефикасноста на банките

Позитивни трендови кај основните категории на агрегираниот биланс на успех на банките со состојба на 30.06.2005 година, пред сé, порастот кај редовните приходни категории, оствариjа позитивна рефлексија и врз показателите на профитабилноста на банкарскиот систем.

*Преглед бр.17*

***Показатели за профитабилноста и ефикасноста на банките***

| *Показател* | *30.06.2003* | *30.06.2003** | *30.06.2004* | *30.06.2004** | *30.06.2005* | *30.06.2005** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Стапка на поврат на просечна актива (ROAA) | -0.9% | 2.5% | 0.4% | 3.0% | 1.5% | 1.7% |
| Стапка на поврат на просечен капитал (ROAE) | -4.3% | 11.4% | 2.2% | 15.2% | 9.2% | 10.2% |
| Оперативни трошоци/ Вкупно остварени приходи | 121.0% | 65.0% | 92.0% | 59.0% | 73.4% | 70.6% |
| Трошоци за плати/ Вкупно остварени приходи | 57.0% | 32.0% | 43.0% | 29.0% | 35.8% | 34.4% |
| Резервации за потенцијални загуби/ Нето каматен приход | 93.0% | 28.0% | 65.0% | 18.0% | 48.1% | 47.0% |
| Нето каматен приход/ Оперативни трошоци | 52.0% | 84.0% | 65.0% | 84.0% | 83.7% | 88.3% |
| Број на вработени | 4,552 | 2,516 | 4,638 | 2,637 | 4,544 | 4,147 |
| Финансиски резултат/ Број на вработени (во милиони денари) | (0.1) | 0.3 | 0.1 | 0.4 | 0.2 | 0.2 |
| Вкупна актива/ Број на вработени (во милиони денари) | 21.9 | 25.5 | 23.5 | 27.3 | 29.1 | 31.0 |

* Показателите се однесуваат само на банките кои оствариле позитивен финансиски резултат

Забелешка: показателите ROAA и ROAE се сведени на годишно ниво

Остварениот позитивен финансиски резултат на крајот на првото полугодие на 2005 година овозможи остварување на повисоки вредности на стапката на поврат на активата и на капиталот, отколку во истиот период во 2004 година. Така, 100 единици актива на банките во Република Македонија во првата половина на 2005 година генерираат 1,5 единици добивка, додека 100 единици капитал генерираат 9,2 единици добивка. Доколку во пресметката се вклучат само оние банки кои оствариле профит во првото полугодие од 2005 година, стапките на поврат на активата и на капиталот се повисоки и изнесуваат 1,7% и 10,2% соодветно.

***Графикон бр. 31***

***Движење на показателите** ROAA **и** ROAE*




Највисоки стапки на поврат на активата и капиталот се остварени кај групата средни банки, која на 100 единици актива, односно на 100 единици ангажиран капитал остварува поголема добивка отколку групата големи банки.

